20. III. 1989

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 8 март 1989
Скопје
Број 9 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 40.000 динари. Овој број чини 1.500 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

112.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“, бр. 50/88), а во врска со член 53 став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Сл. весник на СРМ“, бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица во износ од 140.000.000 динари, на собранијата на општините:

— Крива Паланка 90.000.000 динари
— Крушево 50.000.000 динари

2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука општините ќе ја вратат најдоцна до 31. V. 1989 година.

3. За користењето и враќањето на средствата ќе се склучи договор помеѓу извршните совети на собранијата на општините, на кои им е дадена позајмицата и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.“

Бр. 23-590/1
3 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

113.

Врз основа на член 84, став 2 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 43/81), а во врска со член 132, став 4 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“ број 66/85, 71/86, 3/88 и 59/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Девизите за потребите на Републиката, утврдени во Законот за привремено утврдување на Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1989 година, во противвредност од 83.372.160.000 динари може да се користат за:

1. стоковни плаќања во износ до 56.525.500.000 дин.
2. нестоковни плаќања во износ до 3.192.300.000 дин.
3. девизна резерва во износ до 23.654.360.000 дин.

Средствата од став 1 на овој член ја претставуваат динарската противвредност на девизите пресметани по курсот од 5.210,76 динари за еден САД долар.

Член 2

Средствата од член 1, точка 1 и 2 на оваа одлука се распоредуваат на следниве корисници.

| | Корисници | Стоковни плаќања | Нестоковни плаќања | Вкупно динари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Собрание на СРМ | 659.000.000 | 15.000.000 | 674.000.000 |
| 2. | Извршен совет на Собранието на СРМ | — | 78.000.000 | 78.000.000 |
| 3. | Управа за заеднички работи | 688.000.000 | 625.000.000 | 1.313.000.000 |
| 4. | МАНУ | 155.000.000 | 125.000.000 | 280.000.000 |
| 5. | Републички секретаријат за народна одбрана | 459.000.000 | — | 459.000.000 |
| 6. | РСВР | 3.588.000.000 | 192.000.000 | 3.780.000.000 |
| 7. | Дирекција за републички стоковни резерви | 31.265.000.000 | — | 31.265.000.000 |
| 8. | Републички комитет за образование, култура и физичка култура | — | 21.000.000 | 21.000.000 |
| 9. | Републички штаб за територијална одбрана | 2.605.000.000 | — | 2.605.000.000 |
| 10. | Републичка комисија за културни врски со странство | 13.000.000 | 80.000.000 | 93.000.000 |
| 11. | Републичка комисија за односи со верските заедници | — | 65.000.000 | 65.000.000 |
| 12. | Републички завод за статистика | 121.000.000 | — | 121.000.000 |
| 13. | Архив на Македонија | 422.000.000 | 35.000.000 | 457.000.000 |
| 14. | Републички комитет за наука, технолошки развој и информатика | 4.429.000.000 | 38.400.000 | 4.467.400.000 |
| 15. | Републички хидрометеоролошки завод | 1.335.000.000 | 5.000.000 | 1.340.000.000 |
| 16. | Републичка заедница за заштита од градобијност | — | 966.400.000 | 966.400.000 |
| 17. | ЦК на СКМ | — | 14.000.000 | 14.000.000 |
| 18. | Сојуз на синдикатите на Македонија | — | 22.000.000 | 22.000.000 |
| 19. | СОК | 521.000.000 | — | 521.000.000 |
| 20. | Народна банка | 35.000.000 | 5.000.000 | 40.000.000 |
| 21. | НИП „Нова Македонија“ | 9.782.000.000 | 703.500.000 | 10.485.500.000 |
| 22. | За финансирање на посебни намени, проект „К“ | 333.500.000 | — | 333.500.000 |
| 23. | Собрание на град Скопје | 15.000.000 | 30.000.000 | 45.000.000 |
| 24. | Општински органи и организации | 100.000.000 | 120.000.000 | 220.000.000 |
| 25. | Стопанска комора на Македонија | — | 52.000.000 | 52.000.000 |

Член 3

За користење на средствата од член 1, став 1, точка 3 на оваа одлука, како и за средствата наменети за општинските органи и организации до износ од 4.000.000 динари за секое одделно барање одлучува републичкиот секретар за финансии.

Член 4

За користењето на девизите, наредбодателот за одделен корисник му поднесува на Републичкиот секретаријат за финансии извештај тримесечно, кумулативно во рок од 5 дена по истекот на тримесечјето, а годишниот извештај до 15 јануари 1990 година.

Член 5

Републичкиот секретар за финансии ќе се грижи за спроведувањето на оваа одлука.

За користењето на девизите, Републичкиот секретаријат за финансии му поднесува шестомесечен извештај на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 23-489/1
3 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**114.**

Врз основа на член 190 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88) и член 26 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на СРМ" бр. 26/80 и 7/88), републичкиот секретар за правосудство и управа донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник поблиску се определува начинот на полагање на правосудниот испит, пријавувањето на испитот, содржината на записникот за полагањето и издавањето на уверение за положениот испит.

Член 2

Пријава за полагање на правосудниот испит се поднесува до Републичкиот орган на управата надлежен за работите на правосудството најдоцна еден месец пред испитната сесија во која се полага испитот.

Кон пријавата се приложува доказ за завршен правен факултет и доказ за времето поминато на правни работи.

Член 3

Претседателот на Испитната комисија го одредува времето и местото за полагање на испитот.

Кандидатот кој ги исполнува условите за полагање на правосуден испит се известува за времето и местото на полагањето на испитот најдоцна 8 дена пред денот определен за полагање на писмениот дел од испитот.

Член 4

Полагањето на правосудниот испит започнува со писмениот дел од испитот по предметите кривично право и граѓанско право и тоа првиот ден се полага кривично право, а вториот ден граѓанско право.

На писмениот дел од испитот, кандидатот решава определен правен случај од практиката со примена на прописите од соодветната област.

Задачата за писмениот дел од испитот ја определува членот на Испитната комисија кој испитува по соодветниот предмет.

Испитувачот може да определи секој кандидат да решава посебен правен случај, кандидатите да се поделат во групи и на секоја група да ѝ се даде соодветна задача или сите кандидати да решаваат иста задача.

Член 5

Писмениот дел на правосудниот испит се изведува во присуство на член на испитната комисија или негов заменик и секретарот на Комисијата.

При соопштување на писмената задача, претседателот или членот на Комисијата ги предупредува кандидатите за одредбите од Правилникот на кој се должни да се придржуваат за време на полагањето на испитот.

Член 6

Писмената задача се предава пред истекот на времето предвидено за изработка на задачата.

Членот на Испитната комисија кој ја определил писмената задача, по завршувањето на усниот дел од испитот по соодветниот предмет, ќе ги запознае членовите на Испитната комисија и кандидатот со успехот кој го покажал кандидатот на писмениот испит.

Член 7

Усниот дел на испитот се полага по сите предмети наеднаш.

Комисијата може да определи усниот дел на испитот да се полага и во два дела и тоа во првиот дел по предметите: кривично право (материјално и процесно) и општествено уредување на СФРЈ и СРМ, организација на правосудството и управно право; а во вториот дел по предметите: граѓанско право (материјално и процесно), стопанско право и трудово право.

Член 8

За текот на испитот се води записник во кој се внесуваат следниве податоци: име и презиме на кандидатот, состав на Комисијата, време на полагањето на испитот, испитни прашања по кои кандидатот се испитува, оценка за испитот и други поважни забелешки во текот на испитот.

Кон записникот се приложуваат и писмените задачи на кандидатот.

Записникот го потпишуваат претседателот, членовите и секретарот на Комисијата.

За кандидатите кои полагаат правосуден испит се води евиденција во органот на управата надлежен за работите на правосудството.

Член 9

Уверението за положениот правосуден испит содржи: презиме и име на кандидатот, година и место на раѓање, каде и кога дипломирал на правниот факултет, датумот кога го положил правосудниот испит, назив на комисијата пред која го положил испитот, број и датум на издаденото уверение, потпис на претседателот на Испитната комисија и службен печат.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-151/3
8 февруари 1989 година
Скопје

Републички секретар
за правосудство и управа,
**Михајло Маневски,** с. р.

**115.**

Врз основа на член 190 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 26 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на СРМ“ бр. 26/80 и 7/88), републичкиот секретар за правосудство и управа донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ПРАКТИКАТА НА ДИПЛОМИРАНИТЕ ПРАВНИЦИ ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ

Член 1

Со овој правилник се определува начинот на вршењето на практиката на приправниците — дипломираните правници во правосудните органи (редовните судови, судовите на здружениот труд, судовите за прекршоци, јавните обвинителства и јавните правобранителства).

Член 2

Определувањето на начинот на вршењето на приправничката практика има за цел приправниците да се оспособат за вршење на работи и работни задачи на кои се распоредуваат како и да се подготват за полагање на правосудниот испит.

Член 3

Приправниците наизменично се распоредуваат за вршење на одделни работи и задачи и во текот на приправничката практика се запознаваат и остручуваат за извршување на сите работи и задачи од делокругот на правосудните органи.

Член 4

Приправниците кои вршат приправничка практика во општински суд се распоредуваат:

— еден месец на работи во судската управа и писарница;

— еден месец на работи во врска со преносот на недвижности;

— четири месеци на работи во процесното одделение;

— три месеци на работи во вонпроцесно одделение;

— еден месец на работи во врска со платни налози;

— еден месец на работи на извршување;

— три месеци на работи на истрага;

— четири месеци на работи во кривичното и одделението за малолетници;

— два месеци на работи во одделението за следење на општествените односи и појави и за судската практика.

Приправниците до истекот на стажот од две години се упатуваат на практика и во други правосудни органи каде се распоредуваат на соодветни работи и задачи.

Член 5

Ако во седиштето на општинскиот суд нема окружен суд, приправниците за времето кое треба да го поминат во окружен суд се распоредуваат на извршување на работи во процесното и кривичното одделение, за што одлучува претседателот на судот по консултација со приправникот.

Ако во седиштето на судот нема јавно обвинителство, приправничката практика на работите на истрагата и во кривичното одделение се продолжува уште за по еден месец.

Член 6

Приправниците кои вршат приправничка практика во окружен суд се распоредуваат:

— еден месец на работи во судската управа и писарница;

— четири месеци на работи во процесното одделение;

— три месеци на работи на истрага;

— три месеци на работи на првостепена кривична надлежност;

— два месеци на работи на второстепена кривична надлежност;

— два месеци на работи во одделението за следење на општествените односи и појави и судската практика.

Приправниците до истекот на стажот од две години се упатуваат на практика 5 месеци во општински суд, а останатото време во другите правосудни органи каде се распоредуваат на соодветни работи и задачи.

Член 7

Приправниците кои вршат практика во окружен стопански суд, се распоредуваат:

— еден месец на работи во судската управа и писарница;

— два месеци на работи во врска со судскиот регистар;

— четири месеци на работи во процесното одделение;

— два месеци на работи со платни налози;

— четири месеци на работи по стопански престапи;

— три месеци на работи на извршување на одлуките;

— два месеци на работи во одделението за следење на општествените односи и појави и судската практика.

Приправниците до истекот на стажот од две години се упатуваат на практика 5 месеци во општински суд, а останатото време во другите правосудни органи, каде се распоредуваат на соодветни работи и задачи.

Член 8

Приправниците кои вршат приправничка практика во основен суд на здружениот труд се распоредуваат:

— еден месец на работи во врска со водење на уписници и писарница;

— една година на работи во врска со спорови од областа на самоуправните и работните односи,

— два месеци на работи во одделението за следење на општествените односи и појави и судската практика.

Приправниците до истекот на стажот од две години се упатуваат на практика 5 месеци во општински суд, 2 месеци во окружен стопански суд, а останатото време во другите правосудни органи каде се распоредуваат на соодветни работи и задачи.

Член 9

Приправниците кои вршат практика во општински суд за прекршоци се распоредуваат:

— два месеци на работи во врска со водење на уписници, работа на судска писарница и огласување на правосилноста на решенијата за прекршоци;

— шест месеци на работи во врска со водење на прекршочната постапка и донесување на решенија за прекршок;

— два месеци на работи во врска со донесување на решение за прекршок во скратена постапка;

— два месеци на работи во извршното одделение на судот за прекршоци;

— два месеци на работи во врска со следење на општествените односи и појави и практиката на судовите за прекршоци.

Приправниците до истекот на стажот до две години се упатуваат на практика 5 месеци во општински суд, а останатото време во другите правосудни органи, каде се распоредуваат на соодветни работи и задачи.

Член 10

Приправниците кои вршат практика во општинско и окружно јавно обвинителство се распоредуваат:

— еден месец на работи во врска со прием и експедиција, внатрешна распределба на пријавите, предметите и другите списи, заведување и разведување во уписници;

— три месеци на работи по кривични пријави од кои два месеци по кривични пријави против познати полнолетни и малолетни сторители а еден месец по пријави против непознати сторители и поднесоци од управна и граѓанска материја;

— седум месеци на работа по кривични предмети од кои четири месеци исклучително на проучување на предмети и на изготвување на одлуки, а преостанатите три месеци на работа по предмети и застапување на обвиненија пред судовите како и постапување и пред судија за малолетници;

— два месеци на работи во врска со следење и проучување на општествените појави и односи и судската практика и изготвување на информативни материјали;

— еден месец на работи во врска со работите на јавно обвинителската управа;

— два месеци на практика во повисоко односно пониско јавно обвинителство;

— еден месец на работи по вонредни правни лекови;

— седум месеци на практична работа во други правосудни органи и тоа општински суд, окружен суд, окружен стопански суд и основниот суд на здружен труд.

Член 11

Приправниците кои вршат практика во општински јавни правобранителства се распоредуваат:

— еден месец на работи во врска со водење на уписници и работи на писарница;

— еден месец на работи во врска со работи на управа на јавното правобранителство;

— шест месеци на подготвување на тужби и други правни средства во спорови во кои правобранителството е овластено да ги застапува имотните интереси;

— два месеци на работи на правна помош за кои е овластено јавното правобранителство;

— два месеци на работи во одделението за следење на општествените односи и појави, судската практика и практиката на јавните правобранителства.

Приправниците до истекот на стажот од две години се упатуваат на практика 5 месеци во општински суд, а останатото време во другите правосудни органи и органите на управата, каде се распоредуваат на соодветни работи и задачи.

Член 12

За остварување на приправничката практика на секој приправник се донесува програма во која се определуваат најконкретните работи што треба да се вршат, работникот што се грижи и му помага на приправникот во вршењето на работите и евиденцијата што се води за извршените работи.

Член 13

Според одредбите на овој правилник се распоредуваат и волонтерите, како и дипломираните правници кои во правосудните органи се упатени на практика од други органи, организации и заедници, на кои практиката им е потребна заради стручно оспособување и стекнување знаења за полагање на правосудниот испит.

Член 14

Раководителот на правосудниот орган се грижи за примената на одредбите на овој правилник, за донесување на програмата за остручување на приправниците, за распоредување на соодветни работи и задачи, за рамномерно упатување на приправник на практика во други органи и за водење на потребната евиденција за работите и задачите што ги врши приправникот.

Член 15

Во дневникот што го водат приправниците во вршењето на приправничката практика се внесуваат видот на работите и задачите што ги извршуваат, времето поминато на тие работи и задачи и законските прописи што се применуваат.

Податоците содржани во дневникот ги потврдува работникот под чиј надзор и со чија помош приправникот ја врши приправничката практика.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-151/3
8 февруари 1989 година
Скопје

Републички секретар
за правосудство и управа,
**Михајло Маневски,** с. р.

**116.**

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита („Службен весник на СРМ“ бр. 30/77, 29/83 и 36/88), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА УНИФОРМАТА, ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА И НОСЕЊЕТО НА УНИФОРМАТА ОД УЧЕНИЦИТЕ И РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува видот, составот, бојата и кројот на униформата, ознаките на униформата и носењето на униформата од учениците и редовните студенти во Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита (во натамошниот текст: Центарот).

Член 2

Учениците имаат зимска, летна и работна униформа и тоа:

— I и II година имаат работна униформа;

— III и IV година имаат зимска и летна униформа.

Редовните студенти имаат зимска и летна униформа.

Учениците и редовните студенти имаат и делови кои што припаѓаат покрај униформата.

### II. ВИД, СОСТАВ, БОЈА И КРОЈ НА УНИФОРМАТА НА УЧЕНИЦИТЕ И РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ

### 1. ЗИМСКА УНИФОРМА

**а) За ученици и редовни студенти**

Член 3

Зимската униформа на учениците и редовните студенти се состои од: блуза, панталони, шапка, капа титовка, кошула со долги ракави, вратоврска, пуловер, ветровка со влошка, кожни нараквици, терenski кондури, длабоки чевли и зимски чорапи — доколеници.

Член 4

Деловите од зимската униформа на учениците и редовните студенти го имаат следниот крој и боја и тоа:

1. Блузата е од камгарн со отворени ревери и благо изразен струк и мора да е доволно комотна.

Блузата е поставена и има по еден џеб на двете внатрешни страни.

Ракавите на блузата се долги до половината на дланката на природно опуштена рака. Блузата однапред се закопчува со четири копчиња од жолто патинирана боја со пречник 22 мм, на кои во вид на испупчен релјеф е изработена петокрака ѕвезда. Копчињата се сошиени на десната страна од блузата на подеднакво меѓусебно растојание.

На блузата од надворешната страна на градите и на долниот дел на двете страни, се наоѓа по еден џеб со испуска и капак кој се закопчува со копче од жолто патинирана боја со пречник од 16 мм, на кои во вид на испупчен релјеф е изработена петокрака ѕвезда. Широчината на горните џебови е од 12 до 16 см, а должината од 14 до 19 см. Широчината на долните џебови е од 16 до 20 см, а должината од 18 до 23 см.

Нараменициите се од истиот материјал како и блузата, кои до ракавот се со широчина од 60 мм, а при врвот се 44 мм. Нараменициите со едниот крај се сошиени на ракавот, а другиот крај кој се завршува во форма на тап агол се закопчува до околувратникот со копче од жолто патинирана боја со пречник од 14 мм, на кое во вид на испупчен релјеф е изработена петокрака ѕвезда.

Блузата одназад има прорез кој започнува на од 6 до 8 см под половината.

На околувратникот од блузата на двата краја однапред се наоѓа ромбоид од истиот материјал од кој е изработена и блузата, со должина од 4 см, а широчина 3,5 см, порабен со испуска од оловно бела боја со широчина од 3 мм.

Блузата е оловно сина боја.

2. Панталоните се од камгарн со вообичаен крој Од страните имаат испуска од егализир светло сина боја, со широчина од 20 мм. Од двете страни и одназад на десната страна панталоните имаат по еден џеб, а однапред од десната страна еден мал џеб и потребен број полу гајки за ремен со широчина од 4,5 см.

Ногавиците на панталоните се без манжетни и на долниот крај се широки 22 см, а од внатрешната страна на долниот дел ногавиците се опшиени со лента. На предниот внатрешен дел на ногавиците во висина на коленото е прошиена свилена постава.

Панталоните се оловно сина боја.

3. Шапката е од камгарн, со вообичаен крој со благо свиткан данцет.

Сонцебранот е од целулоид или сличен материјал, со црна боја, со раб опшиен со кожа. На сонцебранот на околу 5 мм од надворешниот раб е сошиен буриташ од оловна бела боја со ширина од 6 мм.

Подбрадокот на шапката е од ист материјал како и сонцебранот со широчина од 16 мм, со две гајки од ист материјал со кои се прилагодува неговата должина и со краевите е прицврстен кон бортот со две копчиња од жолто патинирана боја со пречник од 14 мм.

Данцетот на шапката е опшиен, со испуска оловна боја со широчина од 2 мм. Шапката од внатре е поставена, а при дното има потница со широчина од 4 см.

Однапред, на средината на бортот од шапката на златно жолтата подлога се носи петокрака ѕвезда со пречник од 58 мм, сметајќи од врвовите на спротивните краци. Петокраката ѕвезда е метална, однапред емајлирана со црвена боја и малку издадена нанапред.

Шапката е оловна сина боја, а бортот темно сина боја со широчина од 4 см.

4. Капата титовка е од камгарн со вообичаен крој. Однапред е висока од 5 до 6 см, на средината од 9 до 10 см, а одназад од 5 до 7 см.

На средината на капата титовка, однапред, врз златно-жолтата подлога се носи петокрака ѕвезда со пречник од 28 мм, сметајќи од врвовите на спротивните краци. Петокраката ѕвезда е метална, однапред емајлирана со црвена боја и малку издадена нанапред.

Капата титовка е оловно сина боја.

5. Кошулата со долги ракави е изработена од поплин или друга слична ткаенина, со вообичаен крој во светло сина боја.

6. Вратоврската е темно сина боја со вообичаен крој и должина.

7. Пуловерот е изработен од волнено предиво со вообичаена широчина и должина, оловно сина боја.

8. Ветровката со влошка е од мешавина на памучно-синтетичка ткаенина темно сина боја и поставена со свилена ткаенина во соодветна боја. Од рамената до висината на градите и преку грбот е зајакната и има влошка која допира до ракавите и може да се вади. Ветровката има појас и ќулавка кои се од иста ткаенина како и ветровката. Ќулавката е изработена така да ја покрива капата со заштитникот и е поставена со ткаенина во соодветна боја.

Ветровката има четири обични копчиња во еден ред. Копчињата и закачката се иста боја како ткаенината.

На левата и десната страна на градите се врежани вертикално поставени џебови, нормална големина кои се затвораат со патент-затворач.

На долниот дел од двете страни ветровката има по еден длабок џеб со преклоп. Џебовите се широки од 18 до 22 см, а високи од 24 до 28 см. Под нив, од страна се наоѓа уште по еден џеб со иста големина. Ветровката, на левата страна од горе има внатрешен џеб косо поставен кој служи за држење на документи.

На појасот на десната страна од ветровката се наоѓаат отвори на кои се прицврстува футрола за носење на пиштол. Отворите се зајакнати со кожна нашивка.

На долниот дел на ракавите од ветровката се наоѓа појас од ист материјал, долг 11 см и широк 4 см, кој се закопчува со копче во иста боја како и ветровката. На оддалеченост од 6 см е сошиено уште едно копче.

Ветровката е со соодветна должина и достигнува во височина на колениците.

Ветровката има нараменици од иста ткаенина и изработени се така да може на нив да се навлечат нараменициите со ознаките на звањата.

Нараменициите со ознаките на звањето, кои се носат на ветровката, се иста боја и изработени од ист материјал како и ветровката. Ширината на овие нарамеyици до ракавите е 60 мм, а при врвот 45 мм.

9. Кожните нараквици се вообичаен крој со раздвоени прсти, црна боја, а од внатрешната страна се поставени со крзно.

10. Длабоките чевли се со вообичаен крој, црна боја, а од внатрешната страна се поставени со крзно.

11. Теренските кондури се од мрсен спорт-бокс, со кожен меѓу ѓон и надворешен ѓон од гума. На нив се нашиени глуждници за околу 8 см над глуждот.

12. Зимските чорапи — доколеници се изработуваат од памучно предиво со вообичаен крој и имаат оловно сина боја.

13. Ознаките на звања на ученик и студент се изработуваат од ист материјал како и блузата односно ветровката и се прилагодени да можат да се вадат од нараменициите.

### б) За редовни студентки

Член 5

Зимската униформа на редовните студентки се состои од: блуза, здолниште, капа беретка, кошула со долги ракави, вратоврска, пуловер, ветровка со влошка, кожни нараквици, чизмички и зимски хулахоп чорапи.

Член 6

Блузата, кошулата со долги ракави, вратоврската, ветровката со влошка, пуловерот и кожните нараквици од зимската униформа се изработени од ист материјал, со изглед, боја и крој како соодвет-

ните делови од зимската униформа за учениците и редовните студенти, со тоа што нивниот крој е прилагоден според анатомската конструкција на жената.

Останатите делови на зимската униформа за редовните студентки го имаат следниот крој и боја, и тоа:

1. Здолништето е од камгарн, со вообичаен крој. Одвнатре е поставено со свилена ткаенина во соодветна боја. Однапред има две фалти, а одназад две опшивки. На појасот има потребен број гајки за ремен. Од левата страна се закопчува со три копчиња или со патент-затворач и со едно копче на појасот. Здолништето е оловно сина боја.

2. Капата беретка е од камгарн, со вообичаен крој. Напред на златно жолтата подлога се носи петокрака ѕвезда во форма и големина на петокрака ѕвезда која се носи на капата титовка.

3. Зимските хула-хоп чорапи се со вообичаен облик и должина, зајакнати на прстите и петиците, со светлосмеѓа боја.

4. Чизмичките се вообичаен крој, со полувисока петица и без украси. Сарите се меки и допираат до потколениците. Чизмичките се црна боја, а од внатрешната страна се поставени со крзно.

## 2. ЛЕТНА УНИФОРМА

### а) За учениците и редовните студенти

Член 7

Летната униформа на учениците и редовните студенти се состои од: кратка винд јакна, панталони, кошула со кратки ракави со нараменици, мантил за дожд, плитки чевли и чорапи.

Член 8

Деловите од летната униформа го имаат следниот крој и боја и тоа:

1. Кратката виндјакна е од платно, од внатре е поставена со нашиен и превиткано положен околувратник.

Виндјакната однапред се закопчува со патент-затворач до под грлото, а ревериге се прилагодени за отворање.

На виндјакната, однапред на надворешната страна нашиени се два џеба.

Виндјакната има појас и манжетни кои се изработени од плетен материјал.

Виндјакната е темно сина боја, а копчињата на џебовите и на рамениците се оловно сина боја.

Нарамениците на виндјакната се од иста ткаенина како и виндјакната и се изработени така да на нив може да се навлечат нараменици со ознаки на звањата за ученик односно студент.

Нарамениците со ознаките за звања кои се носат на виндјакната се иста боја и изработени од иста ткаенина како и виндјакната. Ширината на овие нараменици до ракавите е 60 мм., а при врвот 45 мм.

2. Панталоните се од тергал и се ист крој, боја и испуска како и панталоните за зимската униформа.

3. Кошулата со кратки ракави е изработена од мешавина на памучно и синтетичко влакно, со нашиен и превиткано положен околувратник.

Кошулата со кратки ракави однапред е порабена, а се закопчува со копчиња со пречник од 10 мм. од иста боја како и ткаенината од која е изработена кошулата. Кошулата во горниот дел е отворена.

На кошулата однапред на градите има два џеба со испуска и преклоп погоден за закопчување. Ширината на џебовите е од 12 до 14 см, а должината од 14 до 16 см. Испуската на џебовите е широка од 2,5 до 3,5 см.

Нарамениците на кошулата се од иста ткаенина како и кошулата и изработени се така да може на нив да се навлечат нарамениците со ознаките за звањата за ученик односно студент.

Нарамениците со ознаките за звањата кои се носат на кошулата се оловно сина боја и се изработени од тергал. Широчината на овие нараменици до ракавите е 60 мм., а при врвот 40 мм.

4. Мантилот за дожд е од гумирана најлонска ткаенина и има ќулавка прилагодена за вадење и ремен од иста ткаенина како и мантилот. Мантилот за дожд е прилагоден за прикопчување на влошката на ветровката.

Мантилот за дожд допира до половината на листовите на нозете и се закопчува со три копчиња во оловно сина боја.

Однадвор од левата и десната страна на мантилот за дожд врежани се коси џебови со вообичаена големина.

Мантилот за дожд од околувратникот до средината на градите и преку плеќите зајакнат е со иста ткаенина. На плеќите под зајакнувањето, како и под поработ, вшиена е мрежеста лента која овозможува испарување на потта.

На задниот дел се наоѓа прорез покриен со капак. Мантилот за дожд е темно сина боја.

Нарамениците на мантилот за дожд се од ист материјал како и мантилот и изработени се така да може низ нив да се навлечат нарамениците со ознаките за звањата.

Нарамениците со ознаките за звања кои се носат на мантилот за дожд се со иста боја и изработени од ист материјал како и мантилот за дожд. Широчината на овие нараменици до ракавите е 60 мм. а при врвот 45 мм.

5. Плитките чевли се вообичаен крој, со кожен или гумен ѓон и без украси. Чевлите се црна боја, со потпетици високи до 3 см.

6. Чорапите се оловно сина боја, со вообичаена форма и длабочина и зајакнати на петиците и прстите.

### б) За редовните студентки

Член 9

Летната униформа на редовните студентки се состои од: кратка виндјакна, здолниште, капа-беретка, кошула со кратки ракави со нараменици, мантил за дожд, плитки чевли и чорапи.

Член 10

Кратката виндјакна, мантилот за дожд, кошулата со кратки ракави и плитките чевли од летната униформа на редовните студентки изработени се од ист материјал, боја, крој и изглед како и соодветните делови од летната униформа на учениците и редовните студенти, со тоа што нивниот крој е прилагоден спрема анатомската конструкција на жената.

Плитките чевли имаат потпетици во висина од 4,5 см.

Останатите делови на летната униформа го имаат следниот крој и боја, и тоа:

1. Здолништето е од тергал со вообичаен крој. однапред има две фалти, а одназад две нашивки. Од левата страна се закопчува со три копчиња или патент-затворач со сино копче на појасот. Здолништето е оловно сина боја.

2. Капата баретка е од тергал со вообичаен крој. Напред на златно жолтата подлога се носи петокрака ѕвезда со форма и големина на петокрака ѕвезда што се носи на капата титовка.

## 3. РАБОТНА УНИФОРМА НА УЧЕНИЦИ

Член 11

Работната униформа на учениците се состои од: панталони, капа титовка, кошула-блуза, чевли-патики, блуза со рол крагна и чорапи.

Член 12

Работната униформа на учениците е со следниот крој и боја, и тоа:

1. Панталоните се од кепер платно во сива боја. Од двете страни и одназад панталоните имаат по еден џеб, а однапред од десната страна еден мал џеб и потребен број полугајки за ремен. На панталоните се ставаат прекурамки со ластик од ист материјал, со потребен број копчиња од предната и задната страна.

Бочно од двете страни на панталоните имаат по еден џеб со капаче.

Ногавиците на панталоните се без манжетни, на долниот крај со широчина од 22 до 26 см, а од внатрешната страна на долниот дел ногавиците се опшиени со лента.

2. Кошулата-блуза е од кепер платно сива боја, од двете страни однапред има по еден џеб со капаци и испуски.

На двата ракави-долги од предната страна имаат по еден џеб со капаци.

3. Капата титовка е од кепер платно сива боја со вообичаен крој, а рабовите се опшиени со испуска во бела боја. Однапред е висока од 5 до 6 см, на средината од 9 до 10 см, а одназад од 5 до 7 см.

На средината на капата титовка однапред се носи петокрака ѕвезда со пречник од 28 мм, сметајќи од врвовите на спротивните краци. Петокраката ѕвезда е метална, однапред црвено емајлирана и малку издадена нанапред.

4. Чевлите-патиките се со вообичаен изглед во темно сива боја.

5. Блузата со рол-крагна е од волна сива боја, со вообичаен крој.

6. Чорапите се оловно сина боја и со вообичаен крој.

Учениците од I и II година покрај работната униформа добиваат и ветровка.

## 4. ДЕЛОВИ КОИ ШТО ПРИПАЃААТ ПОКРАЈ УНИФОРМАТА

### Член 13

Делови кои што припаѓаат покрај униформата се: опасач со прекурамник, ремен за панталони, голема петокрака за шапка и мала петокрака за капа титовка.

Опасачот е од кожа, широк 48 мм, поставен со тенка чоја светло сина боја и има три кожни гајки со метални алки жолто патинирана боја кои служат за носење на делови од опремата. На опасачот е прекурамник од кожа со широчина од 20 мм., поставен како и опасачот.

Прекурамникот е од два дела кои однапред се закопчуваат со тока.

Опасачот со прекурамникот и футролата за пиштол се кафеава боја.

Ременот за панталони е со должина од 80 до 100 см, ширина 4 см, изработен е од галантериска кожа кафеава боја, со дебелина од 2,5 до 3 мм. Ременот се закопчува со тока ширина 4,5 см. и должина 7,5 см, изработена од матиран декапиран лим.

## III. ОЗНАКИ НА УНИФОРМАТА

### а) Ученици

### Член 14

Учениците од I до IV година носат ознака на униформата која се состои од еден ширит сребреникаво бела боја, широк 20 мм кој е во водоравна линија сошиен на нарамениците, на растојание од 20 мм од надворешниот раб на нарамениците и еден метален римски број (од I до IV) во зависност од годината во која е ученикот, а стои прицврстен водоравно на средината на ознаката.

### б) Редовни студенти и студентки

### Член 15

Редовните студенти и студентки носат ознака на униформата која се состои од два ширита сребреникаво бела боја широки 10 мм, од кои првиот е во водоравна линија, а вториот во форма на тап агол сошиен на нарамениците. Првиот ширит е оддалечен 20 мм од надворешниот раб на нараменицата, додека краците на вториот ширит се свртени спрема надворешниот раб на нараменицата и се оддалечени од неа 35 мм.

### Член 16

Учениците, редовните студенти и студентките на виндјакната, блузата, ветровката, кошулите и мантилот за дожд, на 150 мм над лактот од левиот ракав носат пришиен амблем на Центарот на кој е испишано ученик, односно студент.

## IV. НОСЕЊЕ НА УНИФОРМАТА

### 1. Време на носење на униформата

### Член 17

Учениците од I и II година носат работна униформа за цело време на престојот во кругот на Центарот или во други случаи кога тоа е предвидено.

Учениците од III и IV година носат зимска односно летна униформа за цело време на престојот во Центарот и надвор од Центарот (кога излегуваат во град, заминуваат дома), како и при изведување на практичната настава.

### Член 18

Редовните студенти носат униформа за време на следење на наставата и полагање по предметите милициска тактика и безбедност во сообраќајот, кога се на практична настава по овие предмети, за учество во манифестации или во други случаи кога тоа е предвидено.

### Член 19

Учениците и редовните студенти се грижат униформата и деловите кои што припаѓаат покрај униформата да бидат чисти, уредни и истите да не се оштетуваат.

### Член 20

Летната униформа учениците и редовните студенти ја носат по правило од 1 мај до 15 октомври.

Униформата се издава лично на ученикот односно студентот и истата се носи комплетна без да се комбинира.

### Член 21

По завршувањето на школувањето или губење на статусот на ученик односно редовен студент, учениците и редовните студенти ги враќаат униформите и деловите кои што припаѓаат покрај униформата.

### 2. Време на траење на униформата

### а) Ученици — зимска униформа

### Член 22

Времето на траење на поодделни делови на зимската униформа за учениците изнесува:

— за кошула со долги ракави, зимски чорапи — доколеници 12 месеци;

— за блуза, панталони, шапка, вратоврска, капа титовка, теренски чевли, пуловер 24 месеци;

— за ветровка со влошка, кожни ракавици 48 месеци.

### б) Ученици — летна униформа

### Член 23

Времето на траење на поодделни делови на летната униформа за учениците изнесува:

— за пар панталони, кошула со кратки ракави со нараменици, плитки чевли и два пара чорапи 12 месеци;

— за кратка виндјакна и мантил за дожд 24 месеци.

### в) Ученици — работна униформа

### Член 24

Времето на траење на поодделни делови на работната униформа на учениците изнесува:

— за панталони, кошула-блуза од кепер платно, чевли-патики, два пара чорапи 12 месеци;

— за капа титовка од кепер платно и блуза со рол крагна 24 месеци.

**г) Студенти — зимска униформа**

Член 25

Времето на траење на поодделни делови на зимската униформа за студентите изнесува:

— за кошула со долги ракави и зимски чорапи-доколеници 24 месеци;

— за блуза, панталони, шапка, капа титовка пуловер, ветровка со влошка, вратоврска, кожни нараквици и теренски чевли 48 месеци.

Времето на траење на поодделни делови на зимската униформа за редовни студентки изнесува:

— за кошула со долги ракави, два пара зимски хула-хоп чорапи 24 месеци;

— за капа беретка, блуза, здолниште, ветровка со влошка, вратоврска, кожни нараквици, чизмички и пуловер 48 месеци.

**д) Студенти — летна униформа**

Член 26

Времето на траење на пооделни делови на летната униформа за студенти изнесува:

— за кошула со кратки ракави со нараменици, панталони, плитки чевли и два пара чорапи 24 месеци;

— за кратка виндјакна и мантил за дожд 48 месеци.

Времето на траење на поодделни делови на летната униформа за студентки изнесува:

— за кошула со кратки ракави со нараменици, два пара чорапи и едно здолниште 24 месеци;

— за плитки чевли, кратки виндјакна, капа беретка и мантил за дожд 48 месеци.

**3. Време на траење на деловите кои што припаѓаат покрај униформата**

Член 27

Времето на траење на поодделни делови кои што припаѓаат покрај униформата за ученици и студенти изнесува:

— за опасач со прекурамник и ремен за панталони, голема петокрака за шапка и мала петокрака за капа титовка 48 месеци.

Член 28

Времето на траењето на поодделни делови на униформата и деловите кои што припаѓаат покрај униформата, може да се продолжи доколку истите се исправни и погодни за носење.

V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 29

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 262-1510/1
16 февруари 1989 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Александар Андоновски**, с. р.

---

**117.**

Врз основа на член 38 став 5 од Законот за заштита од пожари („Службен весник на СРМ", бр. 43/86, 9/87, 37/87 и 51/88), републичкиот секретар за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ЗА ПОЖАРИТЕ И ЕКСПЛОЗИИТЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА НАДЛЕЖНИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува водењето на евиденциите за пожарите и експлозиите и начинот на известувањето на органите на управата надлежни за внатрешни работи за настанатите пожари и експлозии.

Член 2

Противпожарната единица која интервенирала во гаснењето на пожар или експлозија пополнува статистички лист П-1 (статистички лист за пожар) или статистички лист Е-1 (статистички лист за експлозија).

Во случаи кога во гаснењето на пожарот односно експлозијата интервенирала противпожарна единица која не е во состав на општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи (професионална или доброволна противпожарна единица), истата пополнува статистички лист во два примероци, од кои едниот се задржува, а другиот веднаш се доставува до општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи (во натамошниот текст: општинскиот орган).

Член 3

Кога во гаснењето на пожарот односно експлозијата истовремено интервенирале територијална противпожарна единица и противпожарна единица од член 2 став 2 на овој правилник односно територијална противпожарна единица и противпожарна единица од подрачјето на друга општина, или друга социјалистичка република односно социјалистичка автономна покраина, статистички лист пополнува само територијална противпожарна единица на органот на управата надлежен за внатрешни работи на општината на чие подрачје настанал пожарот односно експлозијата.

Член 4

Ако во гаснењето на пожарот односно експлозијата не интервенирала противпожарна единица туку интервенирале граѓаните, воени единици или ако пожарот односно експлозијата сами се изгаснале, статистички лист се пополнува во органот на управата надлежен за внатрешни работи на општината на чие подрачје настанал пожарот односно експлозијата.

Член 5

Пополнетите статистички листови во рок од 10 дена од изгаснувањето на пожарот односно експлозијата, од општинскиот орган се доставуваат до Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

Податоците за причините за настанатиот пожар односно експлозија се внесуваат во статистичките листови врз основа на наодот на надлежниот орган кој ги утврдил причините за настанатиот пожар односно експлозија.

Во случаите кога причините за настанатиот пожар односно експлозија не можат да се утврдат во рокот од став 1 на овој член, овие податоци се доставуваат веднаш по нивното утврдување.

Член 6

Евиденцијата за сите настанати пожари и експлозии каде што биле повикани да интервенираат противпожарните единици се води во посебна книга која ги содржи следните рубрики: реден број, вид на настанот (пожар П-1 или експлозија Е-1) датум на настанот; каде се случил настанот) кој е оштетен;

причинета штета; кој учествувал во гаснењето; кој вршел увид) кој е известен за настанот и рубрика за посебни забелешки.

### Член 7

Во рамките на правата и должностите утврдени со закон, организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници, државните органи и другите субјекти, преку средствата за врски или на друг погоден начин го известуваат општинскиот орган за секој пожар и експлозија што ќе настане во организацијата, заедницата, органот и други.

### Член 8

Обрасците на статистичките листови П-1 и Е-1 се составен дел на овој правилник.

### Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за водење на евиденциите за пожарите и експлозиите и за начинот на известување на органите на управата надлежни за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“, бр. 22/84).

### Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 262-1510/1
16 февруари 1989 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Александар Андоновски,** с. р.

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВК 1-5

(Орган кој го пополнил статистичкиот лист)

П-1

СТАТИСТИЧКИ ЛИСТ
ЗА ПОЖАР Реден број на листот: ______

1 Место на настанот: ______ (место-населба) ______ (општина)

2 ОШТЕТЕНИ: Назив ______
Гранка на дејност: ______
Сектор на сопственост: општествен ______ 1
приватен ______ 2
странски ______ 3
останато ______ 4
Осигураност: осигуран ______ 1
бенифициран ______ 2
неосигуран ______ 3

3 Дали е вршен преглед на објектот
да ______ 1 не ______ 2 ______ (датум)

4 Дали пожарот настанал поради неспров. на пропиш. мер:
да ______ 1 не ______ 2

5 Пожарот бил предизвикан:
намерно ______ 1
невнимание ______ 2
Детска игра ______ 3
Природни појави ______ 4
Од животни ______ 5
Неутврдено ______ 6

6 ПРИЧИНИ ЗА ПОЖАРОТ:
Конструкционен недост. о1
Градежен недостаток о2
Оштетувања кварови о3
Ложишта-огништа о4
Искра од локомотива о5
Отворен пламен о6
Опушок од цигара о7
Заварување о8
Елек. апарати и уреди о9
Електр. проводници (краток спој и сл.) 1о
Статички елек. 11
Проводни. загреани со оптеретување 12

6 Триење 13
Брусење 14
Судар 15
Самозапалување 16
Егзотермна реакција 17
Експлозија 18
Останати причини 19
Неутврдено 2о

ОБЈЕКТ ПРОСТОР КАДЕ НАСТАНАЛ ПОЖАРОТ:
ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ:
Стамбена зграда о1
Работна зграда о2
Стамбено работ. зграда о3
Стамбено зем. зграда о4
Управна зграда о5
Земјоделска зграда о6
Барака о7
Шупа о8
Термоелектрана о9
Хидроелектрана 1о
Паркиралиште-гаража 11
Детски дом 12
Старечки дом 13
Училиште 14
Хотел-мотел-камп 15
Силос 16
Кино-театар 17
Музеј 18
Мага. за гот. стока 19
Магацин за запаливи течности 2о
Магацин за експл. материјал 21
Останати магац. 22
Складиш. затвор. 23
Складиш. отвор. 24
Трговски дуќан 25
Занаетчиски дуќан 26
Угостителски објект 27
Стоковна куќа 28
Аеродромски објект 29
Градилишта 3о
Електр. централа 31
Трансформатор. стан. 32
Разводни постројки 33
Плинара 34
Рафинерија 35
Производен погон 36
Помошен погон 37
Останати градежни објекти 38
Положба на просториите: подрум ______ 1 приземје ______ 2
спрат ______ 3 останато ______ 4
Степен на оштетување: потполно ______ 1 делумно ______ 2

7 СООБРАЌАЈНО СРЕДСТВО:
Електрична локомотива о1
Дизел локомотива о2
Теретен вагон о3
Патнички вагон о4
Трамвај о5
Патничко друмско возило о6
Останати друм. возила о7
Возило за воз. сообраќај о8
Возило за воден сообраќај о9
зафатена површина во хектари

ОТВОРЕН ПРОСТОР:
Листопадна шума о1 ......... ______
Четинарска шума о2 ......... ______
Мешана шума о3 ......... ______
Макија о4 ......... ______
Останати шуми о5 ......... ______
Стрниште о6 ......... ______
Житарица о7 ......... ______
Овоштарник о8 ......... ______
Лозје о9 ......... ______
Ливада 1о ......... ______
Депонија за ѓубре 11 ......... ______
Останато 12 ......... ______
Вкупно зафатена површина со пожарот во хектари ______
тони ______
Сено 13 ......... ______
Слама 14 ......... ______
Сточна храна 15 ......... ______
Жито 16 ......... ______
Дрва 17 ......... ______ (m³)

8 ВРЕМЕ КОГА НАСТАНАЛ ПОЖАРОТ И ИНТЕРВЕНЦИЈА:
ПОЖАРОТ НАСТАНАЛ: датум ______, час ______,
минут ______,
ден во неделата ______,

**8**

Во работно време (само за ОЗТ) да__________ 1
не__________ 2

Известувањето е примено: датум________, час______ минут________,

Дојдено е на местото: датум________, час______ минут________,

Пожарот е локализиран: датум________, час______ минут________,

Пожарот е ликвидиран датум________, час______ минут________

**9**

ПОЖАРОТ Е ОТКРИЕН: со автоматски уреди__________ 1
на друг начин__________ 2

**10**

ППЕ Е ИЗВЕСТЕНА: Автоматски 1
Телефонски 2
Преку курир 3
На друг начин 4
Не е известена 5

**11**

УЧЕСНИЦИ ВО ИНТЕРВЕНЦИЈАТА:

| УЧЕСНИЦИ | БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ | БРОЈ НА РАБОТНИ ЧАСОВИ |
|---|---|---|
| Професионална-територијална ППЕ | | |
| Професионална ПП во ОЗТ | | |
| Доброволни-територијални ППЕ | | |
| Доброволна ППЕ во ОЗТ | | |
| Работници од ОЗТкаде нема формирано ППЕ | | |
| Припадници на ЈНА | | |
| Граѓани | | |

**11**

КАКВА БИЛА ИНТЕРВЕНЦИЈАТА: успешна 1 делум.усп. 2
неуспешна 3

ПРИЧИНИ ЗА НЕУСПЕШНА ИНТЕРВЕНЦИЈА:

Непостоење-неисправност на уредите за дојава и гаснење o1
Непостоење неисправност на средствата за гаснење o2
Неблаговремено барање помош o3
Непристапачност кон објектот o4
Немање доволно вода o5
Непостоење на средства за врски o7
Прекин во сообраќајот (зат.рам.соо. несреќа и сл.) o8
Непроодни патишта o9
Останати причини 1o

Причина за неучествување на ППЕ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Не е барана помош | 1 | Непроодни патишта | 4 |
| Пожарот е локализиран од други | 2 | Непостоење на средства за врски | 5 |
| Лоши временски прилики | 3 | Останати причини | 6 |

**12**

ПОСЛЕДИЦА ОД ПОЖАРОТ: Материјална штета__________ Н.Д.
Утврдена од ОЗТ 1. Проценета 2.
ПОГИНАТИ: пожарникари__________;
останати__________;
ПОВРЕДЕНИ: пожарникари__________;
останати__________;

**13**

Во утврдувањето на прич.за пожарот учеству.служ.л.:
Надлежно за заштита од пожари 1 од СДБ 2
заедно 3 не 4

**14**

Дали е поднесена пријава: кривична 1
прекршочна 2
не 3

Забелешка:

датум:__________ пополнил:__________

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

__________________
(Орган кој пополнил статистички лист) Е - 1

ВК 2 6

## СТАТИСТИЧКИ ЛИСТ ЗА ЕКСПЛОЗИЈА

Реден број на листот__________

**1** Место на настанот:__________ (место - населба) __________ (општина)

**2**

ОШТЕТЕНИ: Назив: __________
Гранка на дејност: __________
Сектор на сопственост: општествен ____1 странски ____3
приватен____2 останато ____4

Осигуреност: осигуран____1 бенифициран____2 неосигуран ____3

**3** КОГА Е ИЗВРШЕН ПРЕГЛЕД НА ОБЈЕКТОТ-ДАТУМ:__________

**4** Дали експлозијата настанала заради непридржување на пропишаните мерки-наложените мерки: да ________ 1
не ________ 2

**5**

Експлозијата е предизвикана:

| | | | |
|---|---|---|---|
| намерно ________ | 1 | од природни појави ____ | 4 |
| небрежност-невнимание ________ | 2 | од животни ________ | 5 |
| детска игра ________ | 3 | неутврдено ________ | 6 |

**6**

ПРИЧИНИ ЗА ЕКСПЛОЗИЈАТА:

| | | | |
|---|---|---|---|
| конструктивни недостатоци | o1 | статички електрицитет | 11 |
| градежни недостатоци | o2 | спроводници загреани со оптеретување | 12 |
| оштетувања | o3 | триење | 13 |
| ложишта, огништа | o4 | брусење | 14 |
| искри од локомотива | o5 | судар | 15 |
| отворен пламен | o6 | самозапалување | 16 |
| опушок од цигари | o7 | егзотермна реакција | 17 |
| заварување | o8 | останати причини | 18 |
| електрични апарати и уреди | o9 | неутврдено | 19 |
| електрични спроводници (краток спој и сл.) | 1o | | |

2.-

**7**

ОБЈЕКТ-ПРОСТОР КАДЕ НАСТАНАЛА ЕКСПЛОЗИЈАТА:

ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| станбена зграда | o1 | магацин за запаливи течности | 2o |
| деловна зграда | o2 | магацин за експлозивен материјал | 21 |
| станбено-деловна зграда | o3 | останати магацини | 22 |
| станбено-земјоделска зграда | o4 | складиште затворено | 23 |
| административна зграда | o5 | складиште отворено | 24 |
| земјоделска зграда | o6 | трговски дуќан | 25 |
| барака | o7 | занаетчиски дуќан | 26 |
| шупа | o8 | угостителски објект | 27 |
| термоелектрана | o9 | стоковна куќа | 28 |
| хидроелектрана | 1o | аеродромски објект | 29 |
| паркиралиште-гаража | 11 | градилиште | 3o |
| детски дом | 12 | електрична централа | 31 |
| старечки дом | 13 | трансформаторска станица | 32 |
| училиште | 14 | разводни постројки | 33 |
| хотел | 15 | плинара | 34 |
| силос | 16 | рафинерија | 35 |
| кино-театар | 17 | производен погон | 36 |
| музеј | 18 | помошен погон | 37 |
| магацин за готова стока | 19 | останати градежни објекти | 38 |

Положба на просториите: подрум _____1 приземје ___ 2
спрат _____3 таван ___ 4

Степен на оштетување: потполно_______1 делумно_____2

СООБРАЌАЈНО СРЕДСТВО:

електрична локомотива o1 патничко возило o6

| | | |
|---|---|---|
| 7 | дизел локомотива о2; теретен вагон о3; патнички вагон о4; трамвај о5; останати возила о7; средство за воздушен сообраќај о8; средство за воден сообраќај о9 | 35 |
| | ОТВОРЕН ПРОСТОР: да ______ 1 не ______ 2 | 36 |
| 6 | ВРЕМЕ НА НАСТАНУВАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИЈАТА: | |
| | датум ______ | 42 |
| | час ______ | 44 |
| | минут ______ | 46 |
| | ден во неделата ______ | 47 |
| | Во работно време (само за ОЗТ) да 1 не 2 | 48 |
| 9 | ПОСЛЕДИЦИ ОД ЕКСПЛОЗИЈАТА: материјална штета ______ н.динари | 57 |
| | утврдена од ЗОИЛ 1; проценета 2 | 58 |
| | број на загинати ______ | 61 |
| | број на повредени ______ | 64 |
| 10 | Дали при утврдување на причините учествувало службено лице: Надлежно за заштита од пожари 1, од СДБ 2, заедно 3, не 4 | 65 |
| 11 | Дали по експлозијата настанал пожар да 1 не 2 | 66 |
| 12 | Дали е поднесена пријава: кривична 1 прекршочна 2 не 3 заедно 4 | 67 |

Датум: ______ Листот го пополнил ______

---

**118.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита од пожари („Службен весник на СРМ“ бр. 43/86 и 37/87), претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ПОСЕБНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ НА ШУМИТЕ И ПОСЕВИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните мерки за заштита од пожари на шумите и посевите.

### I. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ НА ШУМИТЕ

Член 2

Мерките за заштита од пожари на шумите се утврдуваат и преземаат според степенот на загрозеноста.

Член 3

Степенот на загрозеност на шумите од пожари се одредува според следните критериуми:

| | | Број на поени |
|---|---|---|
| | **1. ВЕГЕТАЦИЈА** | |
| 1.1. | — Иглолисни шуми | |
| 1.1.1. | Култури од бор, смрча и останати иглолисни видови дрвја | 200 |
| 1.1.2. | Хелиофилни шуми од бор, ариш и чемпрес | |
| | — до 30 години старост | 200 |
| | — 31 до 60 години старост и разновозрасни | 140 |
| | — преку 60 години старост | 120 |
| 1.1.3. | Сциофилни шуми од ела, смрча и тиса | |
| | — до 30 години старост | 160 |
| | — 31 до 60 години старост и разновозрасни | 140 |
| | — преку 60 години старост | 120 |
| 1.2. | — Мешовити шуми (иглолисни и листокапни) | |
| 1.2.1. | Мешовити култури | 180 |
| 1.2.2. | Хилиофилни мешовити шуми (бор, ариш, даб, меки лисјари) | |
| | — до 30 години старост | 180 |
| | — 31 до 60 години старост и разновозрасни | 160 |
| | — преку 60 години старост | 140 |
| 1.2.3. | Сциофилни мешовити шуми (ела, смрча, бука) | |
| | — до 30 години старост | 120 |
| | — 31 до 60 години старост и разновозрасни | 100 |
| | — преку 60 години старост | 80 |
| 1.3. | — Листокапни шуми | |
| 1.3.1. | Култури и плантажи од багрем и останати лисјари | 120 |
| 1.3.2. | Хелиофилни листокапни шуми (даб, меки лисјари) | |
| | — деградирани високостеблени и нискостеблени дабови шуми, заштитни нискостеблени дабови шуми и деградирани високостеблени шуми од меки лисјари | 120 |
| | — 31 до 60 години старост и разновозрасни шуми од даб, меки лисјари и очувани нискостеблени дабови шуми | 100 |
| | — преку 60 години старост на високостеблени шуми од даб и меки лисјари | 80 |
| 1.3.3. | Сциофилни листокапни шуми (бука) | |
| | — деградирани високостеблени и нискостеблени и заштитни букови шуми | 80 |
| | — до 30 години старост на очувани високостеблени шуми од бука | 80 |
| | — 31 до 60 години старост и разновозрасни очувани високостеблени и нискостеблени букови шуми | 60 |
| | — преку 60 години старост на очувани високостеблени букови шуми | 40 |
| 1.4. | — Шикари и шибјаци | 160 |
| | — шуми од прнар | 180 |
| | **2. АНТРОПОГЕНИ ФАКТОРИ (РЕСКИР ОД ЧОВЕКОТ)** | |
| 2.1. | Категорија I — Туристички и рекреативни шуми како и шуми кои се наоѓаат во непосредна близина на земјоделски земјишта и депонии на ѓубре | 60 |
| 2.2. | Категорија II — Шуми низ кои минуваат јавни сообраќајници, далекоonline, и во кои се лоцирани индустриски објекти | 40 |
| 2.3. | Категорија III — Шуми во кои се врши собирање на споредни шумски производи, лов и риболов, како и мелиоративни и одгледни работи | 20 |
| | **3. КЛИМА** | |
| 3.1. | Средна годишна температура на воздухот | |
| | — до 9°C | 10 |
| | — 9,1 — 12,0°C | 20 |
| | — преку 12°C | 40 |
| 3.2. | Средна годишна количина на врнежи | |
| | — до 800 мм | 30 |
| | — 801—1.200 мм | 20 |
| | — преку 1.200 мм | 10 |
| 3.3. | Средна година релативна влажност на воздухот | |
| | — до 70% | 30 |
| | — 71% до 80% | 20 |
| | — преку 80% | 10 |

4. ПОДЛОГА (МАТИЧЕН СУПСТРАТ И ПОЧВА)

| | | |
|---|---|---|
| 4.1. | Категорија I | 80 |
| 4.1.1. | Неврзан песок (Регосол, Рендзина на карбонатен песок, Хумусно силикатни почви на кварцен и кисел силикатен песок) | |
| 4.1.2. | Доломит (литосол, рендзина на сахароиден доломит црница на крупен доломит, камењар) | |
| 4.1.3. | Лапорец (рендзина — парарендзина) | |
| 4.1.4. | Флиш (рендзина, колувиум) | |
| 4.1.5. | Растресита глина и иловача, лес (парарендзина на лес, чернозем, еутрични хумусно силикатни почви на неутрални и базилни силикатни супстрати) | |
| 4.1.6. | Варовник крупен (литосол-сирозем, црница, органогена на блоковите од варовникот) | |
| 4.2. | Категорија II | 60 |
| 4.2.1. | Доломит и крупен варовник (кафеави почви, плитко и средно длабоки, црвеница на варовник) | |
| 4.2.2. | Кисели еруптивни карпи (гранит, сиенит, трахит, риолит, кисело хумусно силикатна почва) | |
| 4.2.3. | Базични еруптивни карпи (габро, базалит, перидотит, серпентинит и др. кафеави почви) | |
| 4.2.4. | Лес и езерски седименти циметни почви со плитки варијанти | |
| 4.2.5. | Езерски седименти и некои базити (смолница) | |
| 4.3. | Категорија III | 40 |
| 4.3.1. | Доломит и варовник (длабоки кафеави почви, лесивирани кафеави и лесивирани почви) | |
| 4.3.2. | Кисели еруптивни карпи (длабоки кисело кафеави почви, лесивирани кисело кафеави и лесивирани кисели почви средно длабоки) | |
| 4.3.4. | Лес и езерски седименти (многу длабока и длабока циметна почва) | |
| 4.4. | Категорија IV | 20 |
| 4.4.1. | Кисели силикатни карпи — гнајс, филити, шкрилци и др. (кисело кафеави почви, многу длабоки, хумусно кисели кафеави почви, многу длабоки и длабоки лесивирани почви, многу длабоки кафеави подзоласти почви, подзол). | |
| 4.4.2. | Иловача и глина (псевдоглеј, лесивирани почви, семиглеј, еуглеј) | |
| 4.4.3. | Алувијални или алувиглациални материјали, делумно еолски материјали — мочварен лес (псевдоглеј, семиглеј, еуглеј, барска врница, алувиум, тресетишта) | |

5. ОРОГРАФИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 5.1. | Експозиција | |
| | — Јужна и рамничарска | 20 |
| | — Источна и западна | 10 |
| | — Северна | 5 |
| 5.2. | Надморска височина | |
| | — до 500 м | 15 |
| | — 501 до 800 м | 10 |
| | — преку 800 м | 5 |
| 5.3. | Наклони (инклинација) | |
| | — преку 45° | 15 |
| | — 31 до 45° | 10 |
| | — 15 до 30° | 5 |

6. ХИГИЕНСКА УРЕДЕНОСТ НА ШУМИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 6.1. | Хигиенски уредени шуми (шуми кои имаат противпожарни просеки и појаси, шумски патишта, шуми во кои се врши чистење, кастрирање на гранки на стебла на рабовите од шумата, проредување и редукција на ситно горив материјал и др.) | 10 |
| 6.2. | Делумно хигиенски уредени шуми | 20 |
| 6.3. | Хигиенски неуредени шуми | 40 |

Член 4

Врз основа на вкупниот број на поени според критериумите од член 3 од овој Правилник се утврдува степенот на загрозеност на шумата од пожари и тоа:

I степен — многу голема загрозеност преку 480 поени
II степен — голема загрозеност 381—480 поени
III степен — средна загрозеност 281—380 поени
IV степен — мала загрозеност до 280 поени.

**1. Мерки што се однесуваат за сите степени на загрозеност**

Член 5

Заради заштита на шумите од I—IV степен на загрозеност, од пожари се преземаат следните мерки:

— се организира набљудувачка и известителна служба;

— се обезбедуваат технички средства и алатки за гаснење на пожари и да ги одржуваат во исправна состојба;

— се поставуваат знаци за забрана и предупредување на опасност од појава на шумски пожари на видни места на влезовите во шума, на јавни сообраќајници, на шумски патишта, на места за одмор и рекреација и на други места каде што има движење на луѓе;

— се формираат и оспособуваат мобилни групи од вработените за гаснење на шумски пожари.

**2. Мерки што се однесуваат за првиот и вториот степен на загрозеност (многу голема и голема загрозеност)**

Член 6

Заради заштита на шумите од I до II степен на загрозеност (голема и многу голема загрозеност) од пожари, покрај мерките од член 5 од овој Правилник се преземаат и следните мерки:

— се поставуваат набљудувачници за брзо откривање на шумски пожари;

— се отвораат просеки во шуми

— се создаваат безбедносни појаси во шумите и шумските култури низ кои минуваат јавни сообраќајници, далноводи и покрај земјоделски комплекси;

— се формираат појаси од листокапни видови на дрвја при подигање на нови култури од иглолисни видови на дрвја;

— се зајакнува контролата на движење на луѓе во шумите во периоди на зголемена опасност од појава на пожари (високи температури, ниска релативна влажност на воздухот, влажност на шумската простирка, подолготрајна суша и др.).

Член 7

Набљудувачниците се поставуваат на места од кои се обезбедува најдобра прегледност на шумските насади, а нивната меѓусебна оддалеченост не може да биде поголема од 15 км.

Член 8

Во периодот на зголемени опасности од појава на пожари се организира постојано дежурство во набљудувачниците.

Дежурниот работник во набљудувачницата е обезбеден со средства за набљудување и со средства за врски (далековид, двоглед, телефонски или радио врски и звучни светлосни сигнали), заради сбезбедување на пренос на информации во случај на појава на шумски пожари.

Член 9

Широчината на просеките во шумата изнесува најмалку 1,5 пати од просечната височина на стеблата во насадот.

Растојанието помеѓу просеките во шумата неможе да биде поголемо од 1 000 м во рамничарски шуми, а во ридско-планинските терени растојанието се определува според конфигурацијата на теренот за што претежно се користат природните препреки (енклави, долови, стови, патишта, камењари, мочуришта и др.).

Член 10

Безбедносниот појас во шуми и шумски култури низ кои минуваат јавни сообраќајници, сметајќи од оската на најблискиот колосек, по хоризонтала изнесува најмалку и тоа:

— 20 м во иглолисни и претежно иглолисни шуми;

— 10 м во листокапни шуми и шикари.

Член 11

Во просеките во шумите и во безбедносните појаси покрај јавни сообраќајници се врши редовно отстранување на лесно запаливиот материјал (листинец, сув коров, гранки и сл.) и со заорување или со хемиски средства се попречува растење на нова тревна вегетација.

Просеките и безбедносните појаси од став 1 на овој член можат да се пошумуваат со лисјарски видови на дрвја и грмушки кои се помалку подложни на пожар.

Член 12

Широчината на појасите од лисјарски видови на дрвја кои се формираат при подигање на нови култури од иглолисни видови на дрвја, изнесува најмалку 50 м. а растојанието меѓу појасите најмногу до 500 м.

## II. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПОСЕВИТЕ ОД ПОЖАРИ

Член 13

Најмалку 20 дена пред созревање на посевите (сртни жита и ливади), а особено при жетва и вршидба се преземаат следните мерки:

— се донесува оперативен план за заштита од пожари на посевите;

— се врши постојано дежурство;

— се активира набљудувачката служба и службата за врски и известување за настанат пожар;

— се организира и врши постојан надзор;

— се прават заштитни појаси околу посевите со широчина од најмалку 4 м,

— се поставуваат знаци за предупредување и за забрана на палење на оган.

Член 14

Вршалките, комбајните, тракторите балирачките за слама, товарните моторни возила и сл. (во натамошниот текст: земјоделски машини) кои учествуваат во жетвата, вршидбата и транспортот на земјоделските производи и сламата се обезбедуваат со фаќачи, разбивачи или пригушивачи на искри.

Ако транспортот се врши со запрежни возила и ноќе, не е дозволена употреба на средства за осветлување кои можат да предизвикаат пожар.

Член 15

Ако посевот е со површина од 50—100 ха, жетвата започнува по средина на посевот со формирање на ожнеана просека во широчина од најмалку 15 м.

Во посев со површина поголема од 100 ха, на секој 50 ха се формира ожнеана просека.

Во посеви покрај јавни сообраќајници (патишта и железнички пруги), жетвата започнува од самиот јавен пат односно железничка пруга во широчина од најмалку 60 метри. Ожнеаниот посев, односно слама непосредно по жетвата се отстранува, а земјиштето се заорува.

Член 16

Складирањето на сеното и сламата во општествена сопственост се врши на оддалеченост од најмалку 100 метри од железнички пруги, јавни патишта, далноводи со висок напон, трафостаници, складови со запаливи течности и гасови или друг пожарно опасен објект.

Индивидуалните земјоделски производители сеното или сламата ги складираат во затворен простор или на отворен простор на заеднички гумништа надвор од населени места, или во сопствени дворови.

Сено или слама на отворен простор се складира во копи.

Копи со површина на основата до 50 $м^2$ се поставуваат на растојание од најмалку 10 м.

Копи со површина на основата над 50 $м^2$ се поставуваат на растојание од најмалку 30 м.

Член 17

Сите возила што учествуваат во жетвата (трактори, комбајни, вршалици и друго) се опремуваат со противпожарен апарат S-9, копач и лопата за гаснење на пожар.

Кога жетвата или вршидбата се изведува со 3 или повеќе комбајни, на една површина се обезбедува и цистерна од 3—5.000 литри вода со вградени пумпи и потребна опрема за гаснење на пожар и трактор со повеќебраздеен плуг за заорување во случај на пожар.

Член 18

Заради остранување на опасноста од пожар, по завршување на работата. возилата од член 17 став 1 и добиените производи се оддалечуваат на безбедно место, се врши чистење на прашината и преглед на опремата за заштита од пожар со која тие располагаат.

Член 19

Снабдувањето на возилата со гориво се врши на определени места обезбедени со средства за гаснење на пожар.

Член 20

За време на жнеењето, вршидбата и транспортот на производи или слама дозволено е пушење само на определени места.

Член 21

Заштитните појаси околу посевите редовно се одржуваат со косење и отстранување на сувата вегетација и коровот или со заорување.

Член 22

Во посевите, во стрништа и во нивна близина не е дозволено палење на оган и кршење и оставање стаклена амбалажа.

Член 23

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Претседател
на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,
м-р **Богдан Тодоровски,** с. р.

Согласен:
Републички секретар за внатрешни работи,
**Александар Андоновски,** с. р.

**119.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 18 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за измени и дополнувања на Планот за реализација на VIII-та урбана единица на градот Охрид, донесена од Собранието на општината Охрид на 27 ноември 1986 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Охрид".

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 106/88 од 19 октомври 1988 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со членовите 33 став 1 и 37 од Законот за системот на просторно и урбанистичко планирање.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука се вршат измени и дополнувања од поголем обем на Планот за реализација на VIII-та урбана единица на градот Охрид, при што бил обезбеден јавен увид и организирана јавна расправа, но дека Собранието на општината не ги разгледало мислењата и забелешките од јавниот увид и јавната расправа и не утврдило дека тие измени и дополнувања се вршат заради усогласување со целите и задачите од среднорочниот план за општествено-економскиот развој на општината, ниту поради дејство на виша сила.

5. Во член 31 став 3 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ" бр. 38/85) е предвидено просторниот и урбанистичкиот план во фазата на нацрт на планот задолжително да се ставаат на јавен увид и јавна расправа, а според член 33 став 1 од Законот собранието на општината ги разгледува мислењата и забелешките од јавниот увид и јавната расправа и за неприфатените забелешки дава образложено мислење. Согласно член 37 од Законот, пак, просторните и урбанистичките планови можат да се менуваат и дополнуваат доколку е тоа неопходно заради нивно усогласување со целите и задачите утврдени во среднорочните планови за општествено-економскиот развој или поради дејство на виша сила.

Со оглед на тоа што при донесувањето на оспорената одлука Собранието на општината не ги разгледувало мислењата и забелешките од јавниот увид и јавната расправа, како и не утврдило дека измените и дополнувањата на планот се вршат заради усогласување со целите и задачите од среднорочниот план за општествено-економскиот развој на општината или поради дејство на виша сила, Судот утврди дека таа не е во согласност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

У. бр. 106/88
18 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**120.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 25 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 16 од Правилникот за станбени односи на Основната организација на здружениот труд „Современ книжар" во Скопје во состав на Издавачката работна организација „Култура" во Скопје, донесен со референдум на 22 јуни 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Основната организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на оспорените членови од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што работниот придонес е презасилено вреднуван односно тој има доминантно влијание при утврдувањe редот на првенство за доделување станови.

4. На седницата Судот утврди дека во член 15 и 16 од Правилникот, меѓу другите основи за утврдување редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост се придонес на работникот во работата и условите под кои работи работникот. Притоа, Судот утврди дека основот услови под кои работи работникот се изразува преку стручната подготовка која е потребна за извршување на определени работи и работни задачи. Исто така, Судот утврди дека основните резултати во работењето и услови под кои работи работникот се повеќе вреднувани од основот станбена состојба на работникот.

5. Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 48/88 — пречистен текст) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење, односно основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на користење стан во општествена сопственост.

Според тоа самоуправно право е на работниците да ги утврдат основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на стан при што, според мислењето на Судот се должни да го почитуваат уставното начело на земност и солидарност, утврдено во Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија кое се изразува во обезбедување доминантно влијание на основите кои ја изразуваат станбената состојба во однос на другите основи за распределба на станови.

Со оглед на тоа што основните резултати во работењето и услови под кои работи работникот имаат доминатно влијание врз утврдување редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост, Судот утврди дека член 16 не е во согласност со уставното начело на заемност и солидарност и означените законски одредби. Притоа, Судот смета дека основот услови под кои што работи работникот не може да се изразува преку стручната подготовка која е потребна за извршување на предвидените работи и работни задачи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 2/89
25 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**121.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 25 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ Критериумите за глобална распределба на станови од станбениот фонд на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, донесени од Советот на Универзитетот на 5 мај 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Универзитетот на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 107/88 од 23 ноември 1988 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на критериумите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, членот 16 став 2 и членот 260 став 2 од Уставот и членовите 216, 218 став 1, 238 и 239 од Законот за насочено образование и за нивната спротивност со членовите 193 и 438 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека според точката 1 од означените критериуми глобалната распределба на становите од универзитетскиот станбен фонд се врши според следните критериуми: време на минат труд на Универзитетот, придонес во развојот на Универзитетот, степен на наставничко звање, квадратура по вработен на членката здружена во Универзитетот од добиените станови од универзитетскиот станбен фонд, здравствена состојба на кандидатот и членовите на неговото семејство и големина на станот во кој живее потенцијалниот кандидат.

Понатаму, Судот утврди дека становите што му биле доделени на Универзитетот по разни основи не биле распоредени на организациите здружени во Универзитетот, поради што постојниот станбен фонд на Универзитетот има статус на здружени средства на организациите — членки на Универзитетот.

Согласно член 16 став 2 од Уставот на СР Македонија основната организација на здружениот труд е основен облик на здружениот труд во кој работниците непосредно и рамноправно ги остваруваат своите општествено економски и други самоуправни права и одлучуваат за други прашања на својата општествено-економска положба.

Според член 216 од Законот за насочено образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 2/86, 29/86) факултетите, вишите школи и студентските домови се здружуваат во заедница — универзитет, врз основа на самоуправна спогодба, а може и да се здружуваат и организациите за научно-истражувачка дејност и други организации на здружен труд, кои со својата дејност придонесуваат за остварување на високото образование, научно-истражувачката односно уметничката дејност. Согласно член 218 став 1 од Законот, покрај другото, во Универзитетот особено се остварува и грижата за условите за живот и работа на наставниците, научниците работници, соработниците и другите работници и студентите. Според член 238 од Законот работниците во организациите од насоченото образование своите општествено-економски и други самоуправни права ги остваруваат според општите прописи кои важат за остварување на самоуправувањето на работниците во организациите на здружениот труд и според одредбите на овој закон. Согласно, пак, членот 239 од Законот работниците во организациите од насоченото образование самостојно одлучуваат за меѓусебните односи во трудот, стекнувањето на доходот и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка.

Според член 300 став 1 точка 7 од Законот за здружениот труд средствата за заедничка потрошувачка се распоредуваат на основните организации според основите утврдени со самоуправна спогодба за здружување, а ако тие основи не се утврдени во самоуправната спогодба — пропорционално на бројот на работниците во одделна основна организација. Согласно членот 193 од овој закон со здружените средства за заедничка потрошувачка управуваат работниците што ги здружиле тие средства.

Од означените уставни и законски одредби произлегува дека за основите и мерилата за глобална распределба на средствата за заедничка потрошувачка односно на становите кога се тие здружени, без оглед на основот по кој тие средства односно станови се добиени, одлучуваат организациите здружени во Универзитетот со самоуправна спогодба, како што е тоа утврдено и во членот 46 од Самоуправната спогодба за здружување во Универзитетот.

Со оглед на тоа што оспорените критериуми се донесени од Советот на Универзитетот, а не од организациите здружени во Универзитетот по пат на самоуправно спогодување, Судот утврди дека тие не се во согласност со означените одредби од Уставот и со одредбите од Законот за насочено образование и дека се во спротивност со означените одредби од Законот за здружениот труд.

5. Понатаму, Судот утврди дека со означените критериуми, покрај другото, како критериуми за глобална распределба на становите се предвидени времето поминато на работа на Универзитетот и степенот на наставничкото звање.

Со оглед на тоа што со критериумите се вреднува само времето поминато на работа на Универзитетот, а не и вон Универзитетот, како и со оглед на тоа што се вреднува само степенот на наставничкото звање, иако становите не се исклучиво наменети за решавање на станбените потреби на работниците со наставнички звања, туку и за другите работници на Универзитетот, Судот утврди дека означените критериуми не се во согласност и со уставното начело на еднаквоста, изразено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија.

6. Исто така, Судот утврди дека според точката 2 од оспорените критериуми, тие се применуваат од денот на донесувањето.

Според член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија самоуправните општи акти не можат да се применат пред да се објават.

Со оглед на тоа што со точката 2 од Критериумите е утврдено тие да се применат од денот на донесувањето, а не по објавувањето, Судот утврди дека оваа точка од Критериумите не е во согласност со означената уставна одредба.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 107/88
25 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**93.**

Врз основа на член 39 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОСНОВИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците на осигурување според кои се пресметува и плаќа придонес за пензиско и инвалидско осигурување за обврзниците на данок од личен доход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање — индивидуални земјоделци.

Член 2

Индивидуалните земјоделци заради пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се разврстуваат во основици на осигурување според висината на катастарскиот приход, и тоа:

| Ред. бр. | Катастарски приход во динари | | Основица на осигурување во динари |
|---|---|---|---|
| 1. | до 100.000 | | 192.500 |
| 2. | над 100.000 | до 115.000 | 230.000 |
| 3. | над 115.000 | до 150.000 | 320.000 |
| 4. | над 150.000 | до 200.000 | 400.000 |
| 5. | над 200.000 | до 250.000 | 500.000 |
| 6. | над 250.000 | до 380.000 | 600.000 |
| 7. | над 380.000 | до 500.000 | 700.000 |
| 8. | над 500.000 | до 800.000 | 850.000 |
| 9. | над 800.000 | до 1.000.000 | 1.050.000 |
| 10. | над 1.000.000 | | 1.200.000 |

Член 3

Индивидуалните земјоделци можат по сопствен избор да се определат да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување на непосредно повисока основица на осигурување.

Индивидуалните земјоделци кои се определиле да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување на повисока основица на осигурување должни се до 31 март во тековната година да поднесат писмено барање до надлежниот орган за општествени приходи на општината.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-611/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**94.**

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 став 1 и член 56 и 57 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83, 4/87 и 4/89), член 73 и 75 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 2 од Општествениот договор за усогласување на пензиите во СР Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА КОНЕЧНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварени во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација или соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот надоместок до вработувањето на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој се усогласуваат за 2,71 насто.

Основа за определување на износот на усогласувањето од став 1 на овој член претставува износот на пензијата и паричниот надоместок усогласен според Одлуката за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1988 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89).

Усогласувањето од став 1 на овој член припаѓа од 1 јануари 1988 година.

Конечното усогласување на пензиите и паричните надоместоци од став 1 на овој член изнесува 169,1 насто на износот на пензијата односно на паричниот надоместок што на корисниците им припаѓал на 1 јануари 1988 година.

Член 2

На учесниците од НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија.

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите определени според пензискиот стаж и личниот доход за корисниците на најнизок износ на пензија и додаток на пензијата.

Член 3

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1988 година.

Највисоките пензии остварени по 30 јуни 1988 година се зголемуваат до износот на пензијата определена врз основа на остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж, но најмногу до износот на највисоката пензија во 1988 година зголемен за процентот од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1988 година,

односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурувањето остварени во 1988 година.

Член 5

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на корисниците на пензија од органите на управата надлежни за внатрешни работи и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1988 година во кои примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80 и 24/88) како и на пензиите на работниците во казнено-поправните и воспитно-поправните домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците во 1988 година кои примале пензија согласно член 37-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ“ број 19/79 и 35/86).

Член 6

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941“ со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“.

Член 7

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-613/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**95.**

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 став 1 и член 56 и 57 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), член 73 и 75 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 2 од Општествениот договор за усогласување на пензиите во СР Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии без додатокот на пензијата, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварени во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација и соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот надоместок до вработувањето на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој аконтативно се усогласуваат со движењето на номиналните лични доходи во 1989 година за 60 насто.

Со процентот од став 1 на овој член се усогласуваат и минималните старосни и семејни пензии остварени според Законот за старосното осигурување на земјоделците.

Член 2

На учесниците од НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија.

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите определени според пензискиот стаж и личниот доход за корисниците на најнизок износ на пензија и додаток на пензијата.

Член 3

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1989 година.

Член 4

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1989 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурувањето остварени во 1989 година.

Член 5

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на управата надлежни за внатрешни работи и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во кои примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80 и 24/88) како и на пензиите на работниците во казнено-поправните и воспитно-поправните домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 73-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ“ бр. 19/79 и 35/86).

Член 6

Како основица за определување на усогласувањето од член 1 на оваа одлука се зема износот на пензијата, материјалното обезбедување, односно паричниот надоместок усогласени според порастот на номиналните лични доходи во Републиката во 1988 година што на корисникот му припаѓа од 1 јануари 1989 година.

Член 7

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941“ со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“.

Член 8

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-614/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

96.

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА ОД 1 ЈАНУАРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Најниският износ на пензија од 1 јануари 1989 година се утврдува во висина од 191.500 динари.

Член 2

Исплатата на најнискиот износ на пензија од член 1 на оваа одлука ќе се врши по службена должност, без донесување на решение.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-615/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

97.

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), и член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ОД 1 ЈАНУАРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Граничниот износ на најниското пензиско примање кој служи за определување правото на додаток на пензијата од 1 јануари 1989 година се определува во висина од 348.370 динари.

Член 2

На досегашните корисници на додаток на пензијата по службена должност ќе им се определи нов износ на додаток на пензијата според износот од член 1 на оваа одлука.

Член 3

При признавањето право на додаток на пензијата се зема во предвид граничниот износ на најниското пензиско примање определено со оваа одлука и усогласената пензија определена според стажот и личниот доход согласно донесените одлуки за усогласување на пензиите до денот на признатото право.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-616/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

98.

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 3/86), а во врска со член 31 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 23/82, 77/82, 75/85 и 8/87) и член 32 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НИВОАТА НА ПЕНЗИИТЕ ПРЕСМЕТАНИ ОД ПЕНЗИСКА ОСНОВА ВО КОЈА 1988 ГОДИНА Е ПОСЛЕДНА ГОДИНА НА РАБОТАТА

Член 1

Со оваа одлука се усогласуваат нивоата на старосните, инвалидските и семејните пензии остварени во периодот од 1 јули 1988 до 30 јуни 1989 година кај кои пензиската основа е утврдена со примена на коефициентите за валоризација на личните доходи од поранешните години кои влегуваат во пензиската основа спрема нивоата на личните доходи од 1988 година со нивоата на пензиите остварени од 1 јули 1983 до 30 јуни 1984 година за 11,1 насто.

Член 2

На корисниците на најнизок износ на пензија и на корисниците на пензија — учесници во НОВ пред 9 септември 1943 година определени од гарантирана пензиска основа со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласува пензијата определена од месечните просеци на остварените лични доходи и вкупниот пензиски стаж и до колку со ова усогласување го надминат најнискиот износ на пензија, односно износот на пензијата определен од гарантираната пензиска основа ќе им се исплатува пензијата определена според навршениот пензиски стаж и остварениот личен доход.

Член 3

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се врши при донесувањето на решение за признавање на правото на пензија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-617/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**99.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИТЕ КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ГОДИНИ НА НИВО НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОД 1988 ГОДИНА СО ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 106 ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Личните доходи остварени од 1966 до 1988 година заради утврдување на пензиската основа кога се валоризираат на ниво на личните доходи од 1988 година како последна година од работата се пресметуваат со примена на валоризациони коефициенти со постапна примена на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување пресметани со дел од порастот на личните доходи од 1988 година, и тоа:

| Година | 50% | 75% | 100% |
|---|---|---|---|
| 1966 | 373,846 | 459,557 | 545,268 |
| 1967 | 321,923 | 395,729 | 469,536 |
| 1968 | 293,594 | 360,905 | 428,217 |
| 1969 | 261,825 | 321,854 | 381,882 |
| 1970 | 222,644 | 273,690 | 324,735 |
| 1971 | 185,819 | 228,421 | 271,023 |
| 1972 | 155,505 | 191,157 | 226,810 |
| 1973 | 133,695 | 164,347 | 194,999 |
| 1974 | 103,866 | 127,679 | 151,492 |
| 1975 | 83,980 | 103,234 | 122,488 |
| 1976 | 74,140 | 91,138 | 108,136 |
| 1977 | 63,293 | 77,804 | 92,315 |
| 1978 | 52,241 | 64,218 | 76,195 |
| 1979 | 43,776 | 53,813 | 63,849 |
| 1980 | 36,044 | 44,308 | 52,572 |
| 1981 | 27,340 | 33,608 | 39,876 |
| 1982 | 21,089 | 25,925 | 30,760 |
| 1983 | 16,774 | 20,620 | 24,466 |
| 1984 | 12,245 | 15,053 | 17,860 |
| 1985 | 7,436 | 9,140 | 10,845 |
| 1986 | 3,716 | 4,568 | 5,420 |
| 1987 | 1,845 | 2,268 | 2.691 |
| 1988 | 1,000 | 1,000 | 1,000 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јули 1988 година.

Бр. 02-618/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**100.**

Врз основа на член 73 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), и член 49 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Висината на паричниот надоместок за помош и нега на осигурениците и корисниците на старосна или инвалидска пензија се определува зависно од висината на личниот доход, односно висината на пензијата на корисникот на паричен надоместок за помош и нега, и тоа:

— 157.000 динари за корисниците чиј просечен личен доход односно пензија во претходната година изнесува до 220.000 динари месечно;

— 112.000 динари за корисниците чиј просечен личен доход односно пензија во претходната година изнесува 220.000 — 325.000 динари месечно;

— 80.000 динари за корисниците чиј просечен личен доход односно пензија во претходната година изнесува над 325.000 динари месечно.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега за корисниците на семејна пензија изнесува 70 насто од износот на соодветната група од став 1 на овој член во која спаѓаат според висината на просечната пензија остварена во претходната година.

Член 2

На корисниците на паричен надоместок за помош и нега кои тоа право го оствариле во 1989 година, а во претходната година не биле корисници на пензија, односно не оствариле личен доход, висината на паричниот надоместок за помош и нега им се определува според износот на соодветната група од член 1 на оваа одлука во која припаѓаат зависно од просечниот личен доход односно износот на пензијата на денот на остварувањето на правото.

Член 3

На корисниците на паричен надоместок за помош и нега кои тоа право го оствариле според Статутот на Заедницата што се применуваше пред 1 јули 1983 година, паричниот надоместок за помош и нега им се определува зависно од групата во која биле распоредени според здравствената состојба и тоа:

а) за корисниците на старосна и инвалидска пензија распоредени во:

I група — 157.000 динари месечно

II група — 112.000 динари месечно.

б) за корисниците на семејна пензија распоредени во:

I група — 110.000 динари месечно

II група — 78.400 динари месечно.

Член 4

За корисниците на паричен надоместок за помош и нега кои тоа право го оствариле до 31 декември 1987 година и на кои им е обезбедена помош и нега од специјализирана општествена организација, покрај надоместокот од член 1 на оваа одлука Заедницата учествува со средства во висина и на начин утврден во спогодбата, но најмногу до:

— 30 насто од цената на услугата за корисниците чиј личен доход односно пензија во претходната година изнесува до 220.000 динари;

— 20 насто од цената на услугата за корисниците чиј личен доход односно пензија во претходната година изнесува од 220.000 до 325.000 динари;

— 10 насто од цената на услугата за корисниците чиј личен доход односно пензија во претходната година изнесува повеќе од 325.000 динари.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-619/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**101.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4, а во врска со член 69, 70 и 71 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ И ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во физичкиот и психичкиот развој заради специјално и средно насочено образование и воспитание, односно заради работно оспособување како и висината на трошоците во врска со преквалификација или доквалификација на инвалидите на трудот.

Член 2

Висината на надоместокот за сместување и исхрана ги опфаќа трошоците за сместување и исхрана на децата и младинците со пречки во физичкиот и психичкиот развој сместени во интернат, трошоци за исхрана (топол оброк) на надворешните ученици и инвалидите на трудот како и средства за личните доходи на вработените во интернатот.

Член 3

Висината на трошоците во врска со преквалификацијата или доквалификацијата ги опфаќа трошоците за исхрана (топол оброк) и обезбедување на дел од личните доходи на стручните лица кои ја спроведуваат преквалификацијата или доквалификацијата на инвалидите на трудот.

Член 4

Висината на надоместокот за сместување и исхрана на младинците со пречки во психофизичкиот развој заради стручно односно работно оспособување односно преквалификација или доквалификација на инвалидите на трудот, месечно изнесува до еден корисник и тоа:

| Ред. бр. | ОРГАНИЗАЦИЈА | Трошоци за исхрана со интернатско сместување |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" — Битола | 205.657 |
| 2. | Завод за професионална рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" — Скопје | 211.187 |
| 3. | Завод за рехабилитација на деца и младинци — Скопје | 257.401 |
| 4. | Центар за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај" — Скопје | 202.985 |
| 5. | Центар за рехабилитација и образование „Македонија" — Скопје | 202.985 |
| 6. | Центар за специјално насочено образование „Искра" — Штип | 202.985 |
| 7. | Работна организација за основно образование на деца со лесна и умерена попреченост во психофизичкиот развој со ученички дом „25 Мај" — С. Ново Село | 202.985 |

Член 5

Кога детето со пречки во физичкиот и психичкиот развој со решение на старателски орган е сместено кај друго семејство во друго место, на кое за задолжителното образование му е потребно настава во специјално училиште односно специјално одделение на училиште кое се наоѓа надвор од неговото место на живеење, трошоците за сместување и исхрана во друго семејство изнесуваат 80 насто од износите утврдени во член 4 од оваа одлука.

Член 6

Надоместокот за вршење на преквалификација или доквалификација на инвалидите на трудот месечно изнесува:

1) во организациите на здружен труд 56.448
2) во заштитни организации 63.744

Член 7

Кога преквалификацијата или доквалификацијата на инвалидите на трудот се врши во ОЗТ надвор од местото на живеењето, а им е обезбедено сместување во интернат, надоместокот месечно изнесува 127.936 динари.

Член 8

За децата и младинците што се наоѓаат на стручно односно работно оспособување и инвалидите на трудот за време на преквалификација или доквалификација, а не се сместени во интернат, надоместокот на трошоците за исхрана (топол оброк) по корисник се утврдува во износ од 43.276 динари

Член 9

Конечните износи на паричниот надоместок од членовите 4 до 8 на оваа одлука ќе се определат според порастот на личните доходи и материјалните трошоци во 1989 година.

Член 10

Инвалидите на трудот за чија преквалификација или доквалификација поради оддалеченоста од местото на живеењето е потребно постојан превоз, имаат право на надоместок на трошоците за превоз во висина на фактичката цена на превозот од местото на живеењето на инвалидите на трудот до организацијата каде се врши преквалификација или доквалификација.

Член 11

Во обезбедувањето на надоместокот за сместување и исхрана во интернат заради специјално основно воспитание и образование со дел учествуваат заедницата и осигуреникот од кого детето го изведува правото на надоместок во зависност од приходите по член на домаќинството.

Осигуреникот од кого детето го изведува правото на надоместокот за сместување и исхрана учествува во обезбедувањето на дел на трошоците од член 4 и 5 на оваа одлука во износ кој одговара на 50 насто од месечните приходи по член на домаќинството во претходната година.

Останатиот дел на трошоците до полната цена од член 4 и 5 на оваа одлука ги обезбедува Заедницата од сопствени средства.

Доколку во семејството има две или повеќе деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој осигуреникот сноси дел на трошоците за сместување и исхрана само за едно дете во смисла на став 2 на овој член, а за останатите деца трошоците за сместување и исхрана ги сноси Заедницата.

Ако преостанатиот дел на трошоците што ги обезбедува Заедницата се помали од една десетина од вкупните трошоци за сместување и исхрана, Заедницата сноси една десетина од трошоците, а осигуреникот од кого се изведува правото на надоместокот остатокот на тие трошоци.

Доколку приходите по член на домаќинството изнесуваат 50.000 динари, трошоците за сместување и исхрана во интернат или во друго семејство надвор од местото на живеењето ги сноси Заедницата во целост.

Член 12

Ако еден од родителите на детето со пречки во писхичкиот и физичкиот развој е на работа во странство делот на трошоците за сместување и исхрана во интернат заради специјално воспитание и образование што паѓа на товар на средствата на Заедницата изнесува една десетина од надоместокот на трошоците на сместување и исхрана определени во член 4 и 5 на оваа одлука.

Член 13

Како приходи по член на домаќинството се сметаат личниот доход остварен од работен однос и приходите остварени по други основи од земјоделска дејност (катастарски приход) и приходи од вршење на самостојна или професионална дејност, приходи и имоти и имотни права што подлежат на данок од претходната година.

Приходите остварени по други основи претходно се сведуваат на приходи од работен однос на начин како што е определено во член 30 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 14

Како членови на домаќинството во смисла на член 10 од оваа одлука се сметаат членовите на семејствата со кои осигуреникот од кого детето со пречки во физичкиот и психичкиот развој го изведува правото на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана за време на стручно односно работно оспособување, имаат заедница на живеење, стопанисување и трошење на остварените прикоди.

Член 15

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година до донесувањето на одлука за конечниот износ на надоместокот за сместување и исхрана заради стручно односно работно оспособување на децата со пречки во психофизичкиот развој и инвалидите на трудот.

Бр. 02-620/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — ДЕБАР

**102.**

Врз основа на член 14 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" бр. 3/74), член 32 од Статутот на Општинската СИЗ на културата — Дебар, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Дебар, на седницата одржана на 16 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА ЗА ДЕЈНОСТИ НА КУЛТУРАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат ООЗТ, ОЗТ од доходот, работните заедници од стопанските и нестопанските дејности од личен доход на вработените, од личен доход од земјоделска дејност, од самостојно вршење на стопанска дејност и од самостојно вршење на нестопанска дејност.

Член 2

Стапките на придонесите за 1989 година, кумулативно се утврдуваат за Општинската СИЗ на културата — Дебар.

**Член 3**

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат од Општинската СИЗ на културата — Дебар, за 1989 година, вклучувајќи ги и стапките на Републичката СИЗ на културата, изнесуваат:

1. придонес од доходот на ООЗТ и ОЗТ 0,99%;
2. придонес од личен доход од работен однос од нестопански дејности 0,77%;
3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност 2,00%;
4. придонес од личен доход од земјоделска дејност 1,00%.

Член 4

Придонес од личниот доход од работен однос во претшколското и основното образование ќе се исплаќаат во износ од 50% од стапката на придонеси по член 3 точка 2 од оваа одлука.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување стапките на придонесите на ОСИЗ за култура Дебар, бр. 05-72 од 1988 година.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-16/1
16 февруари 1989 година
Дебар

Претседател,
**Џеват Џулиоски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КИЧЕВО

**103.**

Врз основа на член 160 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кичево („Службен гласник на општината Кичево" бр. 6/84) и член 105 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83 и 43/85), Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кичево, на седницата на Соборот на делегатите на корисниците на услуги — земјоделци и Соборот на делегатите даватели на услуги, одржана на 27 февруари 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Земјоделците — обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење земјоделска дејност, кои се корисници на здравствена заштита или имаат членови на домаќинството што се корисници на здравствена заштита, за 1989 година ќе плаќаат придонес за здравствена заштита и тоа:

— по стапка од 20% од катастарскиот приход;
— по 20.000 динари годишно по член на домаќинството што е корисник на здравствена заштита.

**Член 2**

Средствата што ќе се остварат од придонесите според член 1 на оваа одлука, се распоредуваат:

— 70% за обезбедување на задолжителните видови здравствена заштита и

— 30% за обезбедување на правата што самостојно ги утврдува заедницата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-5142/3
27 декември 1988 година
Кичево

Претседател
на Собранието,
д-р **Петре Попоски,** с. р.

Претседател на Соборот на корисници
на услуги — земјоделци,
**Салија Туфекџиоски,** с. р

Претседател на Соборот на
даватели на услуги,
**Ване Наумоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

**104.**

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за здравствена заштита и член 138 од Статутот, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, на заедничка седница одржана на 31 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА НЕГА НА ДУШЕВНО БОЛНИ ОСИГУРЕНИЦИ ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на паричниот надоместок за чување и негување на душевно болни осигуреници во домашни услови.

Член 2

На осигурените лица душевно болни сместени на лекување во душевни болници или на осигуреници кои ќе имаат потреба од такво лекување при сместување во домашни услови за чување и негување им се определува паричен надоместок во месечен износ од 150.000 динари.

Паричниот надоместок од претходниот став се исплатува на лицето кое осигуреното лице го чува и негува.

Член 3

Правото од член 2 на оваа одлука се остварува со писмено барање на странката и мислење на Комисијата на лекари вештаци на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип.

Член 4

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на паричниот надоместок за негување на душевно болни осигуреници број 06-9/19 од 25 февруари 1988 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-13/10
31 јануари 1989 година
Штип

Претседател,
**Тодор Витларов,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје покрената е процесна постапка за утврдување право на сопственост на недвижен имот по тужбата на тужителите Ибиш Сулејмани, Неби Рушитовски и Рушит Рушитовски, сите од Скопје, против тужениот Абадие Шакиров Сефер, сега со постојано место на живеење во Турција, со непозната адреса.

На тужениот, согласно член 84 став 2 точка 4 од ЗПП и член 86 од ЗПП, му е поставен за привремен застапник адвокатот Драган Поповски од Скопје. Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 30 дена. Во спротивно, привремениот застапник ќе го застапува во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, VI П. бр. 366/89. (33)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен граѓански спор за развод на брак по тужбата на тужителката Ајше Ахмети од Скопје, ул. „Виргино" бр. 105, против тужениот Исамедин Ахмети од Скопје, сега со непозната адреса на живеење во странство. Вредност на спорот 100.000 динари.

Се повикува тужениот Исамедин Ахмети од Скопје да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави сегашната точна адреса на живеење или на престојување.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, судот ќе му постави привремен старател во смисла на член 84 и 86 од ЗПП кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот сè до окончувањето на постапката или до неговото појавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II Скопје, IX. П. бр. 3269/88. (31)

---

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје поднесена е тужба за отказ на договор за користење на стан од страна на тужителот Држава СФРЈ — Команда за одбрана на град Скопје, застапувана од воениот правобранител Војна пошта 5573 — Скопје, против тужениот Тасевски Божо, ул. „572" бр. 23/4 — Скопје, сега во Австралија со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 60.000 динари.

Се повикува тужениот Тасевски Божо да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави на судот точната адреса на живеење. Во спротивно, за негов привремен застапник е поставен полномошникот адвокат Глигор Дончевски од Скопје. Привремениот застапник ќе го застапува тужениот сè додека истиот или негов полномошник не се појават пред судот, односно додека Центарот за социјални работи на град Скопје не постави старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XII П. бр. 3971/87. (32)

---

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје, се води спор за неосновано збогатување по тужбата на тужителот Стопанска банка — Основна банка — Скопје, против тужениот Кметовски Зоран од Скопје, ул. „515" бр. 19, сега со непозната адреса во странство. Вредност на спорот 2.843.155 динари.

Се повикува тужениот Кметовски Зоран да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави на судот својата точна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во определениот рок, ќе биде застапуван од привремениот застапник адвокатот Алберто Ребула од Скопје, поставен со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на град Скопје, бр. 1211-30/7 од 26. I. 1989 година.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 1915/88. (42)

---

Пред овој суд е заведен спор за оспорување и утврдување на таковство по тужбата на тужителката Фатиме Амзовска, против Аки Муареми, со непозната адреса и Зулфи Амзовски.

Се повикува тужениот Аки Муареми од Скопје да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас и во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена на истиот ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 1745/88. (43)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води постапка за злоупотреба на право на тужителот Ќазими Сулејман од Тетово, против тужениот Алили Самет од Тетово, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Алили Самет од Тетово, сега со непознато место на живеење, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето во Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Доколку во овој рок не го стори тоа судот ќе му постави привремен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1271/88. (34)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за исполнување на договор по тужбата на тужителот Бакии Ќазим од с. Доброште, против тужениот Зибери Сали од с. Доброште, а сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Сали Зибери, со непозната адреса на живеење, да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка. Во спротивно, судот преку Центарот за социјални работи во Тетово ќе му постави привремен застапник кој ќе го застапува во оваа постапка.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 255/89. (35)

---

Пред овој суд се води постапка за враќање на лични ствари по тужбата на Салихи Ифајет од с. Слатино, против тужениот Салихи Исни од с. Слатино.

Се повикува лицето Исни Салихи од с. Слатино, сега со непознато место на живеење во Данска, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достави адреса или постави полномошник. Во спротивно, судот ќе му определи привремен старател кој ќе ги штити неговите права во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1083/88.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Димовски Киро од с. Лешок, против тужената Марион Маргит Сцхурмани од СР Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужената да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, достави адреса или одреди полномошник кој ќе ја застапува во постапката по овој предмет.

По истекот на овој рок, судот на тужената ќе ѝ постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи во Тетово, кој ќе ја застапува до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 294/89. (37)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за издршка по тужбата на тужителката Спировска Габријела од Белград, застапувана од законскиот застапник, мајката Спировска Звезда од Белград, против тужениот Спировски Јованче од. с. Доброште, сега на привремена работа во СР Германија, со непозната адреса. Вредност на спорот 1.200.000 динари.

Се повикува тужениот Спировски Јованче од с. Доброште да се јави во рок од 15 дена пред овој суд, да достави адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот на истиот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 316/89. (38)

---

Пред овој суд се води спор за утврдување на право на сопственост од тужителот Неџми Алили од с. Орашје, против тужените Ибраим Исмани од с. Орашје и Нафи Исмани од с. Орашје, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Нафи Исмани од с. Орашје, сега со непозната адреса, да се јави во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот или во истиот рок да постави свој застапник кој ќе ги застапува неговите интереси. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе му постави привремен застапник, кој ќе го застапува до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 150/89. (39)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КОЧАНИ

Пред Општинскиот суд во Кочани се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Милева Крстева од Кочани, ул. „Искра“ бр. 6 против тужениот Панче Крстев од Кочани, ул. „Искра“ бр. 4, сега на привремена работа во СР Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужениот Панче Крстев од Кочани да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или да постави свој полномошник.

По истекот на овој рок, на тужениот ќе му биде поставен за привремен старател лицето Олгица Георгиева, дипломиран правник, со положен правосуден испит, од Кочани.

Од Општинскиот суд во Кочани, П. бр. 519/88. (40)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КИЧЕВО

Пред Општинскиот суд во Кичево е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Садула Насуфоски од с, Шутово, Кичево, против тужената Назмије Бајрамова Насуфоска, родена 1967 година во с. Црвивци, Кичево, а сега во Америка со непозната адреса.

Се повикува тужената Назмије Насуфоска да се јави во рок од 30 дена, сметано од истакнувањето на овој оглас, во овој суд или писмено да ја соопшти својата одлука или да определи свој полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка. Во спротивно, ќе ѝ биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Кичево, П. бр. 867/88. (41)

ВО ИЗДАНИЕ НА СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ

Ќе излезе од печат новата збирка на прописи која содржи:

1. ЗАКОН ЗА ОСНОВИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА,

2. ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА,

3. ПРАВИЛНИК ЗА ОСНОВИТЕ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ВОЗАЧИ И ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ ЗА ВОЗАЧИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И

4. ПРОГРАМА ЗА ПРОУЧУВАЊЕ И ПРОВЕРУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО НА ВОЗАЧИТЕ ЧИЕ ЗАНИМАЊЕ Е УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО И НА ПРИВАТНИ АВТОПРЕВОЗНИЦИ.

Збирката ќе им послужи и на сите учесници во сообраќајот, а пред сè на возачите и оние кои се оспособуваат за возачи, на школите кои обучуваат возачи, на Училиштето за внатрешни работи, на авто-мото друштвата, на сојузите на возачите и другите образовни институции од овие области, како и на организациите на здружениот труд, на авто сообраќајните претпријатија и претпријатијата на градскиот сообраќај, на инспекциските органи и органите за внатрешни работи, на јавните обвинители, судиите, судските вештаци, адвокатите, студентите на сообраќајниот, градежниот и правниот факултет, на старешините во ЈНА, како и на сите други заинтересирани органи и организации што се занимаваат со проблемите на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Во збирката пакусо ќе се даде осврт на основните новини содржани во овие прописи, а во самиот текст на видлив начин ќе се означат новите решенија содржани во прописите, како и регистар.

Во подготовка е и збирката на сојузни прописи во која се содржани:

1. ЗАКОН ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА,

2. ЗАКОН ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО,

3. ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И

4. ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ.

За секој од споменатите закони ќе се даде кус приказ за најзначајните новини, а едновремено ќе биде приложен и регистар на поимите со означување на членовите на законот, како и содржина на законите.

Оваа збирка корисно ќе им послужи на сите заинтересирани правни и физички лица во врска со остварувањето на општествено-економските односи, како и за вкупниот развој на социјалистичкото самоуправно општество и остварувањето на програмата на стопанската реформа.

Збирките ќе излезат од печат во втората половина на 1989 година.


## СОДРЖИНА

Страна


112. Одлука за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — 157
113. Одлука за распоредување на девизите утврдени за потребите на Републиката и на општините за 1989 година — — — — 157
114. Правилник за начинот на полагање на правосудниот испит — — — — — — 158
115. Правилник за начинот на вршењето на практиката на дипломираните правници во правосудните органи — — — — — 159
116. Правилник за униформата, ознаките на униформата и носењето на униформата од учениците и редовните студенти во Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита — 160
117. Правилник за водење на евиденците за пожарите и експлозиите и за начинот на известување на органите на управата надлежни за внатрешни работи — — — 164
118. Правилник за посебните мерки за заштита од пожари на шумите и посевите — 167
119. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 106/88 од 18 јануари 1989 година 170
120. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 2/89 од 25 јануари 1989 година 170
121. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 107/88 од 25 јануари 1989 година 171

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

93. Одлука за основиците на осигурување за пресметување и плаќање на придонесот и за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци за 1989 година 172
94. Одлука за конечно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1988 година — — — — 172
95. Одлука за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година — — — — 173
96. Одлука за најнизок износ на пензија од 1 јануари 1989 година — — — — — 174
97. Одлука за граничниот износ на највиското пензиско примање од 1 јануари 1989 година — — — — — — — — — 174
98. Одлука за усогласување на нивоата на пензиите пресметани од пензиска основа во која 1988 година е последна година на работата — — — — — — — 174
99. Одлука за валоризационите коефициенти за пресметување на личните доходи од поранешните години на ниво на личните доходи од 1988 година со примена на член 106 од Законот за основите права од пензиското и инвалидското осигурување 175
100. Одлука за висината на паричниот надоместок за помош и нега во 1989 година 175
101. Одлука за определување на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој и инвалидите на трудот за 1989 година — — — — — — 176

ДЕБАР

102. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за 1989 година за дејности на културата — — — — — — — — — 177

КИЧЕВО

103. Одлука за висината на придонесот за здравствена заштита на земјоделците за 1989 година — — — — — — — — — 177

ШТИП

104. Одлука за утврдување на паричниот надоместок за нега на душевно болни осигуреници во 1989 година — — — — 178


Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје